Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово

Јануари, 2019 година

Изработено од:

O_3 Инвест ДООЕЛ Скопје

Тим Автори:

дипл. маш. инж Александра Димова

дипл. маш. инж Марија Алексова

дипл. шум. инж. Зоран Алексов

дипл. економист Невенка Саздова

дипл. инж за животна средина Александра Каракашова Сачкарска

Содржина

1. Вовед 9
2. Методолошки пристап за изработка на Стратегијата во Општина Берово 10
3. Општи податоци 11
   3.1. Географска положба 11
   3.2. Клима 11
   3.3. Хидрографија 12
   3.4. Флора и фауна 13
4. Организациска поставеност на локалната самоуправа 13
5. Анализирана и оценета постојната состојба на досегашниот развој на туристичкиот пазар во Општина Берово 15
   5.1. Анализа на природните ресурси како туристичка атрактивност 15
   5.2. Анализа на културно – историските ресурси како туристичка атрактивност 16
      Археолошки локалитети 17
      Музеи 19
      Настани и манифестации 20
      Цркви и манастири 23
   5.3. Анализа на демографските ресурси и населби 30
      Демографски ресурси 30
      Населби како туристички ресурс во Општина Берово 32
      Анализа на рецептивни фактори 34
      Туристички промет и сместувачки капацитети 35
   5.4. Останати значајни фактори за развојот на туризмот во Општина Берово 40
      Транспортна инфраструктура 40
         Патна инфраструктура 40
         Железничка инфраструктура и воздушен сообраќај 42
      Комунална инфраструктура 42
         Водоснабдителна мрежа 42
         Канализација 42
      Енергетика 43
6. SWOT Анализа 44
   Инфраструктура 44
   Туризам 46

Економски развој 48
Животна средина 49
Образование, култура и спорт 50
7.Конкурентност на Општина Берово 51
Конкурентност на Општина Берово во регионален контекст 51
Конкурентност на Берово во национален контекст 52
8. Туристичко зонирање по одделни региони и нивно мапирање 54
9. Визија, стретешки области, стратешки приоритетни цели и мерки за развој на туризмот во Општина Берово 56
Визија 56
Мисија 56
Вредности 56
Приоритетни области 57
Стратешки цели 57
10. Формирање на туристички производи и понуди 63
Принципи на формирање на туристички производи и понуди 63
Тематски туристички производи и понуди 64
Културен туризам 64
Етно туризам 65
Рурален туризам 66
Верски туризам 68
Бањски (термален) и Велнес - спа туризам 69
Планински туризам 70
Трекинг 70
Планинарење 71
Зимски спортско – рекреативен туризам 72
Џип сафари, оф роуд туризам 72
Планински велосипедизам (моунтабјк) 73
Геотуризам 73
Ловен туризам 73
Риболовен туризам 75
Езерски туризам 75
Летен туризам и активности на вода 75
Зип линии (Zip Line) 76
Други туристички активности и интегрирани туристички производи и понуди 76
Туристички рути 76

Примери на туристички рути во Општина Берово 78
Мапи на пешачки и велосипедски патеки 80
11. Акционен план за развој на туризмот во Општина Берово во периодот од 2019 – 2029 година 83
Акционен план за иплементација на Стратегијата за развој на туризмот во Општина Берово во периодот од 2019 – 2029 година 84

Листа на кратенки

АППТ – Агенција за поддршка и промоција на туризмот

АВРМ – Агенција за вработување на РМ

ГУП – Генерален урбанистички план

ГМО – генетски модифицирана храна

ДУП – Детален урбанистички план

ЕУ – Европска Унија

ИПА – Инструмент за претпристапна помош

ЈП – јавно претпријатие

ЈПДП – Јавно претпријатие за државни патишта

км. – километри

ЛЕАП – Локален еколошки акционен план

м. – метри

МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање

МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

МСП – мали и средни претпријатија

НАИТАМ – Национална асоцијација за дојдовен туризам на Македонија

ПСОВ – Пречистителна станица за отпадни води

с. – село

сл. – слично

ХЕЦ – Хидроелектрична централа

ЦРИПР – Центар за развој на Источен Плански Регион

Листа на табели

Табела 1. Број на население по населени места споредe пописите 1921 – 2002 31

Табела 2. Број на соби и број на легла во планските региони од 2006 – 2014 г. 34

Табела 3. Број и ноќевања на домашни и странски туристи, 2013-2018, во Општина 36

Табела 4. SWOT Анализа на инфраструктурата во Општина Берово 44

Табела 5. SWOT Анализа на туризмот во Општина Берово 46

Табела 6. SWOT Анализа на економскиот развој во Општина Берово 48

Табела 7. SWOT Анализа на животната средина во Општина Берово 49

Табела 8. SWOT Анализа на образованието, културата и спортот во Општина Берово 50

Табела 9. Туристичко зонирање по одделни региони во Општина Берово 54

Табела 10. Листа на стратешки цели и мерки за нивно остварување 59

Листа на графици

График 1. Организациска поставеност на локалната самоуправа 14

График 2. Промена на населението во Берово од 1948 доо 2002 година 33

График 3. Туристи во Општина Берово 36

График 4. Ноќевања на туристи во Берово 36

Листа на слики

Слика 1. Ратевски карневал – Бамбурци 21

Слика 2. Манастир Св.Пресвета Богородица Балаклија (Источен Петок) 24

Слика 3. Рождество на Пресвета Богородица 24

Слика 4. Св.Архангел Михаил 25

Слика 5. Црква Св.Петка – село Русиново 26

Слика 6. Црква Св.Апостоли – село Ратево 26

Слика 7. Црква Св.Спас – село Владимирово 27

Слика 8. Црква Успение на Пресвета Богородица – село Смојмирово 27

Слика 9. Црква Св.Атанас – село Мачево 28

Слика 10. Црква Св.Ѓорѓи – село Будинарци 29

Слика 11. Црква Св.Илија – село Митрашинци 29

Слика 12. Црква Пресвета Богородица – село Дворише 30

Слика 13. Хотелски комплекс Манастир 37

Слика 14. Аурора – Ресорт и Спа 38

Слика 15. ВИП Хотел – Берово 39

Слика 16. Одалеченост на Општина Берово од трите главни градови – Скопје, Солун, Софија 41

Слика 17. Етно Фестивал - Берово 65

Слика 18. Велнес и Спа Центар во Хотел Аурора 69

Слика 19. Беровско Езеро 71

Слика 20. Рута на велосипедската трка 80

Слика 21. Рута на Патека бр.1 81

Слика 22. Рута на Патека бр.2 81

Слика 23. Рута на Патека бр.3 82

Слика 24. Рута на Патека бр.4 82

Слика 25. Рута на Патека бр.5 82

1. Вовед

Стратегијата за развој на туризмот во Општина Берово, заедно со акциониот план (за 10 години) треба да го даде правецот за развој на туризмот и да даде јасна слика за како туристичката индустрија може да го зголеми своето социо-економско влијание во регионот.

Посакуваниот резултат е да Општина Берово во следните години да создаде поголем број на туристички дестинации кои ќе бидат препознатливи по природното и културно наследство на регионот, традиционалната храна како и по луѓето кои живеат на тој простор. Овие дестинации треба да бидат комплетно приспособени за туристите кои ќе ги посетуваат како и по современи стандарди. За да се постигне тоа, оваа Стратегија дава:

- Проценка и анализа на постојната состојба со развојот на туризмот во Општина Берово
- Мапирани постојните туристички локалитети
- Идентификувани потенцијали за развој на туризмот
- Социо-економска валоризација на идентификуваните потенцијали
- Мапирани потенцијали за развој на туризмот
- Стратегија за развој со Акционен план
- Мониторинг и евалуација.

Целта на оваа стратегија е да го даде правецот за развојот на туризмот, да ги идентификува приоритетните активности кои треба да бидат превземени во одделот на планирањето, развој на производ, услуги, човечки ресурси, развој на туристичка инфраструктура, заштита и зачувување на природните ресурси, како и развој на животната средина, запазување на пророднот баланс. Стратегијата треба да предложи специфични препораки за видовите на туризам, производите и инфраструктурата.

Во последните неколку години се работи на реализација на повеќе проекти и на иницијативи, но сепак реализацијата на целите и мерките од оваа стратегија зависат од вклученоста на засегнатите страни како: Советот на Источен Плански Регион, Општина Берово, Агенција за поддршка и развој на туризам на РМ, Министерствата и туристичките агенции, туристичката индустрија и населението кое живее во Општина Берово.

Со Стратегијата треба да се постигне подобрување на стандардите во областа на туризмот и истата треба да содржи многу параметри кои ќе ја отсликуваат сегашната ситуација во областа на туризмот во Општината, слабостите и недостатоците, но исто така треба да содржи и инструменти и мерки за подобрување на развојот на туризмот, како на краток, така и на долг рок.

2. Методолошки пристап за изработка на Стратегијата во Општина Берово

Методологијата за изработка на Стратегијата подразбираше примена на современи знаења од областа на туризмот. Во таа смисла посебно се значајни експертските мислења на ангажираните стручни лица од страна на О3 Инвест. Во реализацијата на истражувањето се креираше пристап кој овозможи исражувачите да предложат, а засегнатите страни самостојно да ги препознаат туристичките потенцијали. Со овој пристап се создадоа можности за вклучување на ресурсите во туристичката понуда и конкретните туристички производи. Придобивките се однесуваат не само во интензивирањето на развојот на планскиот регион туку и во негова интерна и екстерна кооперативност и избалансиран социо – економски развој. Подготвеноста на лидерите и засегнатите страни да ги искористат вредностите ќе им овозможи успешен настап пред локалните, државните и меѓународните структури во искористување на предвидените стратешки можности.

Сите активности се реализирани во соработка со одговорните лица во Општина Берово, координаторот на проектот и засегнатите страни. Врз основа на ваквата структурална поставеност можеше да се дојде до релевантност на компонентите кои се составен дел на стратегијата. Во реализацијата на ваквите истражувачки активности се одржаа две работилници и поединични консулатвни состаноци на кои присуствуваа учесници кои дадоа свој придонес во изготвување на документот.

Предвидената стратегија се добива така што се применува методологија која опфаќа квантитативни и квалитативни страни. Размената на искуства и интерпретацијата на добиените резултати од истражувачкиот тим подлегна на проверка преку организирање на работилници. Така се воспостави релација помеѓу ставовите и мислењата на засегнатите страни, познавачите на состојбите и истражувачкиот тим. Под познавачи на состојби ги подразбираме најинволвираните субјекти во областа на туризмот, како: претставници од образовни институции од формален и неформален карактер, претставници на спортско – рекреативни друштва, претставници од различни даватели на угостителски услуги, претставници од невладиниот сектор од областа на заштита на животната средина. Ваквиот пристап придонесе до изготвување на Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово.

При процесот на изработка на Стратегијата беа употребени следните документи како дополнителни извори во самиот процес на изработка на стратешкиот план:

- Стратегија за одржлив развој 2006 – 2011 г., Општина Берово
- Стратегија за Локален Економски Развој на Општина Берово, за периодот од 2014 – 2019 г.
- Стратегија за развој на туризмот во Источен Плански Регион со Акцкионен План (2016-2025)
- Стратегија за развој на Еко Туризмот во Берово, 2005 г.
- Стратегија за развој на рурална средина на локалната акциона група „Малеш - Пијанец”
- Национална Стратегија за Одржлив Развој
- Регистар за развој на потенцијалите на рурален туризам во Источен Плански Регион

- Проект за локална и регионална конкурентност (Дестинација бр.5 Малешевија и околината)
- Регионална стратегија за иновации во Источен Плански Регион

3. Општи податоци

3.1. Географска положба

Општина Берово се наоѓа во најисточниот дел на Република Македонија, ја зафаќа Малешевска Котлина и сливот на Циронска Река. Границите се протегаат помеѓу 41°06´ и 41°53´ географска ширина. Најјужен дел е на границата со Бугарија кај реката Лебница на 41°06´, најсеверен дел е месноста Мехмедов бор на 41°53´, најисточна точка е на 23°12´ географска должина близу Ченгино Кале, а најзападната точка е на 22°37´и се наоѓа на Лева река, во близина на месноста Караѓузлија. Општина Берово на југ се граничи со Општина Струмица, на запад со Општините Радовиш и Виница, на север со Општина Делчево и Пехчево, на исток со државната граница на Бугарија.

Вкупната површина на Општина Берово е 595 км^2, а се наоѓа на 800 м.н.в. Релјефот е претежно ридско – планински, а рамнински терени има само околу речното корито на реката Брегалница.

Малешевските планини се централно поставени во Општината, нивните котлински страни се доста дисецирани со изворните речни долини од реката Брегалница. Природната целина Малеш каде е сместен и градот Берово, лежи на апсолутна кота 800-900 м.н.в. со разграноците на Влаина Планина, Обозна и Бејази Тепе е одвоен од Пијанец. Јужната рамка на општинската територија е планината Огражден. Со долините на Циронска Река и Безгаштевската река, масивот на Огражден е одвоен од Малешевските Планини кои полукружно се протегаат од Плачковица до Влаина Планина, која е источна и североисточна рамка на Малешевската Котлина. Најистакнати врвови се Џеми Тепе – 1801 м.н.в. и Ченгино Кале на 1748 м.н.в. Највисок врв е Кадиица на 1932 м.н.в.

Општината има периферна положба во однос на главни комуникациски коридори по долините на Вардар, Брегалница и Струмица. Најважна комуникација од регионално значење е онаа што ги поврзува Малешевско-Пијанечкиот басен со Струмичката котлина преку кој Општината комуницира со внатрешноста на Републиката.

3.2. Клима

Општина Берово, која е дел од Малешевскаа котлина има умерено - континентална клима со модификација на климата во високите планински и рамничарски делови. Локалитетот Берово има значително пониска средна годишна температура на воздухот од подрачјата на иста надморска височина

во поширокиот дел на оваа котлина. На надморска височина од 800 м. средната годишна температура изнесува 11.1 °C, а во Берево 8.7 °C. Најстуден месец е јануари со просечна температура од -10 °C, а најтопол месец е јули со просечна температура од 18.2 °C. Просечната годишна минимална температура е 2.8 °C, а просечната максимална температура е 15.3 °C.

Најмногу врнежи има во месеците мај и јуни, како и во ноември, а најсушни се месеците август и септември. Релативната влажност на воздухот се смалува од јануари до август, а потоа од декември се зголемува. Просечната влажност на воздухот е 76%. Просечната годипна сума на траење на сончевото зрачење изнесува 2.347 часа или 6.4 часа дневно, со максимум во јули од 10.2 часа дневно и со минимум во декември од 3 часа дневно. Во Беровската Котлина маглата е ретка појава и годишно има само 8.4. магливи денови.

Појавата на град е ретка, просечно се јавуваат 2.9 дена со град. Сланата е со помала зачестеност и се јавува 70 дена во годината, од септември до мај. Во Беровската Котлина се јавуваат ветрови од сите 8 светски правци, но преовладуваат северниот, со зачестеност од 147% и брзина од 2.4 м/сек., кој е најмногу застапен во јануари, февруари и март.

3.3. Хидрографија

Реката Брегалница е најважен хидрографски објект во Малешевијата. Таа воедно е една од најголемите притоки на реката Вардар. Нејзиниот извор е во Малешевските Планини, источно од местото Ченгино Кале на надморска висина од 1690 м. На оваа териорија има два речни слива и тоа на реката Брегалница и на реката Струма. Во своето течение најголем дел Брегалница минува низ клисура. Нејзина најголема притока е Ратевска Река со должина од 24 км. Други поголеми притоки на реката Брегалница се: Пехчевска Река, Ратевска Река, Умленска Река, Каменичка Река и Џаволи, кои гравитираат кон малешевско - пијанечката котлина. Од струмичкиот слив, поголеми реки се Циронска река и Безгаштевската Река кои гравитираа кон струмичко поле.

Нивото на подземните води покрај речното корито изнесува 3 – 5 м, а во алувијалната рамнина 8 – 14 м. Други истражувања за подземни води не се сеуште направени.

На територијата на Општината има повеќе од 120 извори со вкупна издашност од 140 лит/сек. Поиздашни извори се регистрирани на терени со надморска висина поголема од 1000 м. Беровското езеро е многу важен хидрографско-туристички објект кој е изграден во 1970 година на Ратевска Река, во областа наречена Линакот. Езерото се наоѓа на 7 км оддалеченост од градот Берово и има бетонска брана висока 53 м. Должината на езерото е 2.5 км, а средната широчина е 0.5 м. Се наоѓа на 986 м.н.в., а површината на езерото изнесува 0.57 км^2. Првичната намена на Беровско езеро е да се обезбеди населението од Берово и околината со вода за пиење, а се почесто езерото се користи и за рекреативни и спортски активности.

3.4. Флора и фауна

Најзасапени се дабовата и буковата шума. Буковиот појас е застапен во планинскиот и во потпланинскиот појас. Подобро се зачувани горските букови шуми, бидејќи се од големо значење за шумското стопанисување. Ливадите се малку застапени, и тоа во близина на реката Брегалница. Поради потиснување на шумите, ридските пасишта се протегаат на големи пространства, спротивно од планинските пасишта кои се застапени во мал обем.

Шумите и шумското земјиште во Малеш зафаќаат површина од 29.102 хектари, од кои под шуми се 27.970 хектари, а под шумско земјиште се 3.870 хектари. Од вкупната површина под шуми 72% се во државна сопственост, а 28% се шуми во приватна сопственост.

Исто така, регионот е карактеристичен со присуство на планински лековити билки, шумски плодови, печурки, малини, капини, шумски јагоди и сл.

Како составен дел на фауната се среќаваат најразлични форми од групата на водоземците, цицачите, влеќугите, птиците и скакулците. Од влакнест дивеч се среќаваат: зајак, срна, волк, дива свиња, лисица, дива мачка, куна, јазовец, видра, ласица. Од перјаст дивеч се среќаваат: камењарка и полска еребица, фазан, гулаб, грлица, потполошка, диви пајки, јастреби, лиски, лештерки, страчки, гаврани, чавки, орли и др. Од редот на птици загризена е еребицата камењарка, а од дивечот загрозени и заштитени се еленот и срната, од крупниот дивеч, а зајакот од ситниот дивеч.

4. Организациска поставеност на локалната самоуправа

Општината е единица на локалната самоуправа во Република Македонија. Општинските власти/органи се избираат на слободни и демократски избори со мандат од 4 години. Општински органи се Советот на Општината како претставнички орган на граѓаните и Градоначалникот.

За извршување на работите од надлежност на органите на Општината се организира општинска администрација. Сегашната организациона поставеност на општинската администрација во Берово може да се види од графиконот.

За извршување на своите надлежности, Општината има основано јавни служби во согласност со законот кој тоа го определува, но нема извршено делегирање на одредени работи од јавен интерес од локален карактер на други правни или физички лица, другата предвидена законска форма за извршување на надлежностите.

График 1. Организациска поставеност на локалната самоуправа

5. Анализирана и оценета постојната состојба на досегашниот развој на туристичкиот пазар во Општина Берово

5.1. Анализа на природните ресурси како туристичка атрактивност

Како што кажавме, Берово има многубројни и разновидни природни вредности: климатски, геолошки, биолошки, хидрографски, почвени и релјефни. Но сепак освен некои, повеќето не се од големо национално значење во смисла на уникатност и реткост. Најкарактеристични природни ресурси во овој регион се: планините, клисурите, Беровското езеро, многубројните извори, чистите реки како Брегалница, пријатната клима, разновидната флора и фауна и густите шуми. Овие природни појави се предложени за заштита, па така паралелно со развојот на туризмот во Берово, треба да се води сметка за овие вредности кои лесно може да се уништат или загрозат.

Најголем туристички потенцијал во досегашниот развој на туризмот имаат:

- Малешевските планини, кои се знајачни поради: најистакнатите врвови Џами Тепе и Ченгино Кале, изворишниот дел на реката Брегалница и нејзините водопади, Ратевска река која е длабоко всечена во палеозитските карпи, буковите и боровите шуми;
- Беровското езеро, кое поради поволната местоположба, чистата и недопрена природа, е значајно поради големиот број на комплекси кои се изградени околу него, како хотелскиот комплекс Аурора;
- Реката Брегалница, со своите клисури, речниот екосистем и речниот релјеф. Нејзините извори, посебно на планините имаат питка и студена вода и претставуваат значаен ресурс за рурален и еко туризам.

Според типот и структурата на локалитетите, најголем потенцијал има планинскиот туризам, изразен со следните форми:

- Планински велнес - рекреаивен престој (целогодишен, без оглед на сезоната) во: источниот дел на Малешевските планини околу Беровско езеро и блиските локалитети.
- Летен спортско – рекреативен планински туризам (прошетки, планинарење, трекинг, рекреација, еко туризам) во претходно наведените локалитети;
- Зимско – спортски планински туризам, рекреативен за почетници скијачи и деца;
- Нископланинскиот предел (500 м - 1500 м) е погоден за трекинг, моунтбајкинг, џипсафари, параглајдинг, геотуризам, алпинизам, адреналински паркови и слични содржини.
- Исто така, колибите и бачилата се несекојдневно место кое може да се посети. Колибите се изградени од цврст материјал, обиколени со плевни, кошари, фурни за печење леб и мандри за подготвување на прочуеното малешевско сирење. На колибите се престојува во текот на целата

година. Лете тука обично се сите возрасни работоспособни членови на семејството, а зиме остануваат постарите луѓе кои ја чуваат и ја хранат стоката и ги објагнуваат овците.

Освен планинскиот туризам од аспект на природни вредности, голем потенцијал во регионот имаат:

- Езерскиот туризам на Беровско Езеро. Тоа е со одлична локација и положба и до него се пристигнува преку асфалтен пат кој минува низ густа борова шума и знаете точно што ве очекува кога ќе пристигнете во Малешевието. Езерото им овозможува на љубителите на риболов услови за рекреативен риболов бидејќи изобилува со најразновидни видови на риби меѓу кои: пастрмка, шара, клен, мрена и кајаш. Ако сакате да се освежите во ова езеро, најповолно време би ви било во месеците јули и август. Поради поволната местоположба, во чистата и недопрена природа на надморска висина од 1000 м виреат најразлични шумски бобинки и растенија од кои се приготвуваат лековити чаеви. Во последно време езерото масовно го посетуваат организирани странски туристи. Во Беровско и Малешевијата се приготвуваат многу традиционални лекови од природни состојки за разни болести. Од овој предел не може да си заминете без боровиот сируп или мед, лек за болести на дишните органи;
- Руралниот туризам, има големи потенцијали за развој бидејќи површината, зарамнетоста и надморската височина на Делчевско – Беровската котлина нуди одличен потенцијал за развој на руралниот туризам поврзан со рамничарски терен. Исто така клисурите во Берово се изразито живописни, погодни за излети, едукација, престој во природа, кампување, искачување по карпи и набљудување на птици.
- Ловниот туризам во смисла на елитност и одржливост е погоден и потребен за регионот, меѓутоа севкупниот финансиски ефект од него не може да биде голем. Планинскиот туризам и спа туризмот (велнес, рекреативен и зимско – спортски) се тие кои имаат можност да го зголемат просечниот број на ноќевања бидејќи по својата природа обично се повеќедневни. Другите туристички активности, доколку се добро организирани и вклучени во понудата, претставуваат одлична основа за продолжување и збогатување на туристичкиот престој. Во таа смисла се потребни големи вложувања и посветеност, но и повратниот ефект ќе биде забележителен и долгорочен.

5.2. Анализа на културно – историските ресурси како туристичка атрактивност

Во Беровскиот регион има значаен потенцијал за развој на туризмот, посебно за руралниот туризам, бидејќи има богато архитектонско и културно наследство, со планинските предели околу

автентичните македонски села и традиционалните фармерски обичаи на производство и преработка на еколошки чиста и здрава храна.

Овој регион успеал да остане автентична средина со сопствен идентитет на кој му е неопходна поголема активност за афирмација.

Потребна е рестарвација на постоечките традиционални куќи и културни знаменитости со цел да се зачува вредноста и автентичноста на просторот и истите да се промовираат како носител на понудата на туризмот.

Архитектонското богатство и квалитетот на народната архитектура се состои од дела со различни архитектонски изрази и многу типови на објекти за чија вредност сведочат многубројните и разновидните споменици: стари ископини, тврдини, цркви, манастири, хармонични населби и градови и пред се пласитчната и пејзажната народна куќа. Богатото архитектонско наследство изобилува со разноликост од праисториско време до современа архитектура. Денес, на многу места може да се сретнат одлични примери на традиционална македонска селска архитектура, но истата не е соодветно зачувана.

Анализата на културните вредности и туристичката валоризација на многу атрактивности, покажува дека регионот поседува богато и разнобразно културно – историско наследство и археолошки вредности. Археолошките локалитети, музеите, црквите, манастирите, џамиите, спомениците, спомен обележјата, фестивалите и другите манифестации поседуваат изразен потенцијал за развој на културниот туризам. Доколку овие локалитети умешно и креативно се искористат како целина или бидат употребени со еден свој дел, сегмент или значење можат да придонесат и во развивањето на интегрирани туристички производи.

Од аспект на проценка на нивната туристичката поврзаност, пристап, опременост, содржајност, специфичност и сезоналност, како атракции со највисок потенцијал се издвојуваат поголем број од нив. Врз основа на изработените мапи со концентрација на атракции, очигледно е дека презентираните локалитети од областа на културно наследство се сместени најчесто околу или во градските центри. Ваквата позиционираност дополнително ја збогатува туристичката понуда на урбаните населби и претставува голема предност за развој на туристичкиот сектор во нив.

Археолошки локалитети

Најпознати се следните локалитети:

1. **Бреза** – населба од доцно античко време. На 12 км источно од Берово, на простор од околу 300 x 200 м се среќаваат фрагменти од римски покривни ќерамиди, питоски и керамички садови. Овде се најдени и неколку римски и старохристијански монети кои се чуваат во Музејот на Македонија.

2. **Врчвите** – некропола од железно време. Се наоѓа на околу 5 км источно од Берово, на десната страна од долината на Брегалница, на терен што се шири од двете страни на патот за Чучурските колиби. Има 4 тумули наредени во линија исток - запад кои се на растојаније од 20 м еден од друг. Тумулот I, што лежи на југоисточниот крај е прилично добро зачуван. Другите могили се доста оштетени од ерозија и од диво копање така што обликот и димензиите не можат точно да се одредат.
3. **Градиште** – населба и некропола од доцноантичко време. Лежи 7 км источно од Берово на рид што се издига високо на левиот брег на Брегалница. На зарамнетото плато било најдено мало депо на римски монети. Видливи се и остатоци од некрополата.
4. **Долно Градиште** – Јабланица – населба од римско време. На 3.5 – 4 км од населбата Јабланца, на левиот брег на Брегалница се среќаваат остатоци од градежен материјал.
5. **Келаклевец** – населба од доцноантичко време. Во подножјето на еден висок рид што се наоѓа лево од патот Берово – Сандански, а на 13 км југоисточно од градот, при обработување на земјата се откриени темели од објекти, фрагменти од ќерамички садови, разновизантиски момети и железни алатки.
6. **Ковачилница** – утврдена населба од железното и доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на 7 км источно од Берово, лево од коритото на Брегалница, на височина скриена во планинскиот предел. Јужната и северната страна се стрмни и се опкружени со суводолци, додека другите две се малку поблаги и преку мали преслапи се надоврзуваат на ридот Градиште. На самиот врв на височинката има елипсовиден простор, со димензии од 25 х 15 м, опкружен со остатоци од бедем и речиси целиот покриен со кршен камен и згура од топена руда. На падините, особено од западната и југозападната страна, се среќаваат фрагменти од атипична ќерамика од железно време, како и од доцноантичко време. Локалитетот е доста прекопан од трагачи по злато.
7. **Линако** – населба од доцноантичко време. Се наоѓа на северниот крај на вештачкото езеро, 8 км оддалечено од Берово. На простор од околу 200 х 200 м, се среќаваат фрагменти од римска керамика, питоси и градежен материјал, а во горниот дел се забележуваат темели од објекти.
8. **Пашајлов Преслап** – населба од доцноантичко време. На 5 км од Берово, се среќаваат фрагменти од доцноантичка керамика, питоси и градежен материјал. Најдени се и римски монети.
9. **Попов Рид** – градиште од доцноантичко време. На северната периферија на Берово се издига низок рид кој има зарамнето плато со димензии од 270 х 150 м. Видливи се остатоци од темелите на бадемот, а се среќава и множество фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и др.
10. **Св. Архангел Михаил** – пронајдени се средновековни јами. Во дворот на манастирот во 1974 г., при нивелирање на теренот се откриени четири јами од кои три се истражени од Заводот и

музеј во Штип. Јамите имале стопански карактер односно служеле за складирање на жито (амбари).

11. **Селба** – населба од римско време. На 12 км источно од Берово, под ридот Пластица, на простор од 600 х 500 м, се среќаваат фрагменти од ќерамички садови, питоси, покривни ќерамиди, биле пронајдени и римски и рановизантиски монети.
12. **Шабанско Градиште** – градиште од доцноантичко време. На местото каде што Ратевска Река се влева во вештачкото езеро, на еден висок рид што има зарамнет простор од 150 х 100 м се гледаат остатоци од населба заштитена со бедем. На површината се среќаваат кршени камења и друг градежен материјал.
13. **Широк Дол** – пронајдени се могили од доцноантичко време. Локалитетот се наоѓа во долината на Јабланица, има 6 могили со приближни димензии од 20 м во основата и височина од 2 до 4 м, обраснати со дрвја.

Сепак, кај најголемиот дел од локалитетите недостига квалитетна презентација, сигналитика, интерпретација, промоција, а во нивна близина недостига и придружна инфраструктура од типот на информативни центри, сувенирници, организирани паркинзи и санитарни јазли.

Музеи

Музејот на Берово е местото каде би требало да го почнете запознавањето со Берово.

Сместен е во прекрасната зграда во самиот центар на градот, која е реконструирана во духот на оргиналната архитектура од крајот на 19-ти век, за која беровчани сентиментално се врзани бидејќи е еден од препознатливите елементи на градот. Исто така, значајно е што во неа било отворено првото народно училиште.

Во концепирањето на музејот помогнале признаени национални експерти од областа на историјата и етнологијата, кои успеаа да направат спој меѓу елементите од постоечката музејска поставка во манастирскиот комплекс Св.Архангел Михаил и нови елементи и експонати. Историските поставки, кои се сместени воо музејот, се состојат од документи и предмети кои што говорат за историјата на Малешевскиот народ од времето на Дедо Иљо Малешевски, Никола Петров Русински, Димитар Поп Георгиев Беровски, Разловечко востание, развојот на Малешевијата помеѓу двете Светски војни и развојот на Малешевијата по Втората светска војна.

За збогатување на изложбата се поставени и случајните наоди на античките и средновековните монети, кои говорат за економскиот развој и трговските односи на Малешевијата, како и за постоење на Римската цивилизација на ова поднебје.

Етнолошката поставка се состои од реконструкција на малешевската соба, малешевската носија, малешевски накити, гранчарско производство, музички инструменти и реконструкција на малешевска ковачилница. Музејот како самостојна институција е можност повеќе да се иницираат и превземат

истражувачки работи на подрачјето на Општина Берово и да се збогати музејската колекција со нови артефакти.

Музејот на Берово е дел и од комплексниот проект за уредување на центарот на градот, што е приоритет на Стратегијата за одржлив развој на Општина Берово, како основен предуслов кој ќе придонесе за економската и социјалната ревитализација на Берово, развој на туризмот и севкупен позитивен развој на Општината.

Настани и манифестации

Во Берово секоја година се организираат се повеќе настани, а во 2016 година беа одржани повеќе од сто. Во таа насока Берово беше прогласен за град на културата“ во 2017 година.

Програмите опфатија разновидни настани – претстави, концерти, фолклорни изведби, изложби и литературни промоции, гостувања на театри и ансамбли од Македонија и од регионот со кои Општината има добра соработка, настапи на солисти од Македонската опера и балет, Софиската опера, а на централната улица покрај староградската архитектура творат креативци на отворено.

Берово е град со длабока традиција кој е многу посветен на нејзиното негување, на обичаите, на старите занаети и се она што е карактеристично за градот. Туризмот овде го има во текот на целата година. Со доделување на титулата „Град на културата“ и со организирање на други културни манифестации се придонесува за унапредување на локалниот културен развој, бидејќи овие манифестации се бенефит токму за локалниот развој и за зголемување на туристичкиот потенијал.

Клучната карактеристика за сите манифестации е што се веќе етаблирани и релативно добро промовирани, а локациите каде се одржуваат ги прават лесно достапни за посетителите. Можноста за нивно понатамошно унапредување и создавање туристички производ од нив се согледува во збогатување со основни и придружни содржини кои би влијаеле на продолжување на нивното времетраење, а со тоа би се зголемиле и деновите за престој на туристите во време на нивното одржување. Дополнително, потребна е и промоција на овие настани надвор од границите на државата. Дел од манифестациите имаат потенцијал да станат генератори на поголем број посетители, но потребни се поголеми вложувања во програмскиот дел, како и промена на пристапот во нивната организација, пред сè во делот на раководење и логистика преку ангажирање професионален кадар и професионална промоција. Ваквите промени би довеле до градење препознатливост и бренд на манифестациите со што реално би се очекувале посериозни бројки на туристи - посетители на ваквите настани. Од особена важност е посериозното мапирање на глобалната карта на настани преку нивно зачленување во меѓународни организации. Други манифестации кои имаат локално значење се особено интересни за создавање интегрирани туристички производи преку комбинирање со други атрактивности и содржини во регионот. Можно е нивно комбинирање со содржини и понуда во рамките на селата, односно руралниот и религиозниот туризам.

Најпознати манифестации се:

1. Ратевскиот карневал "Бамбурци"

Културната манифестација Ратевскиот карневал "Бамбурци", е директно поврзана со верскиот празник "Собор на Свети Јован Крстител" - Јованден. Покрај традиционалниот настап на "Ратевските бамбурци", карневалот е збогатен со презентација и на други активности, поврзани со традиционалните обичаи во Малешевијата во зимскиот период, како што се: обичајот "Најатка" (донесување дрвце и давање подарок на децата), обичајот "Прошка" - голем копен (Стреловиште).

Слика 1. Ратевски карневал – Бамбурци

2. Велигденско јајце – Избор на најубаво и најцврсто декоративно јајце

Велигден е христијански празник со голема традиција во општина Берово. Секоја година на Велигден се организира манифестација за избор на најцврсто јајце "качор" и за најубаво украсено јајце. Манифестацијата е збогатена со културно-уметничка програма.

3. Ликовна колонија Берово

Ликовната колонија Берово континуирано се организира од 2003 година и има меѓународен карактер, со учество на уметници од Македонија, Бугарија и Србија. Делата секоја година се изложуваат во Берово, како и во повеќе градови низ Македонија.

4. **Меѓународен фолклорен фестивал - Малешевски фолклорни средби**

Секоја година во месец август во Берово се организира меѓународен фолклорен фестивал, на кој домаќин е КУД Димитар Беровски од Берово, а земаат учество фолкорни состави од Македонија, Бугарија, Србија и пошироко.

5. **Владимирски Илинденски средби**

Во село Владимирово од 31 јули, заклучно со 2 август се одржува тридневна манифестација под името „Владимирски Илинденски средби". Централниот настан е одбележувањето на празникот Илинден, кое традиционално години наназад, на 2 – ри август, се одвива на блискиот рид местото викано Шилеви Огради. Специфично е дека токму за Илинден, сите жители на Владимирово расселени низ различни краишта на Македонија и светот, се повикуваат со пораката: „За Илинден, дека да си, дома да си". Покрај месното население, селото се полни со роднокрајци од сите возрасти, од различни градови и земји. На овој сенароден собир, добредојдени се и гости кои ќе имаат несекојдневна можност да учествуваат во една вистинска атракција.

Присутните ќе имаат можност да пробаат домашни „прекадени" погачи кои се делат за здравје, како и традиционален Илинденски ручек – курбан готвен на ридот од рани утрински часови, во котли на дрва. Денот започнува со Свечена Архиерејска Литургија во малата црква „Св.Илија", а завршува со најголемото оро во Малешевијата под звуците на зурли и тапани. На овој начин прекрасното живописно село Владимирово ја негува својата традиција, ги јакне потенцијалите за развој и ја пренесува пораката за слога, заедништво и чување на семејните вредности со гордост кон потеклото.

6. **23-ти август Ден на општина Берово**

Денот на ослободувањето на Берово е празник кој е проследен со традиционален вечерен концерт како и низа на културни настани во текот на денот меѓу кои и изложба на дела од Ликовната колонија.

7. **Меѓународен саем на традиционални производи меѓународен етно фестивал – Етно Плоштад Фестивал**

За промоција и доближување до потрошувачите на традиционалните изработки и производи во Берово секоја година во периодот од 23 до 28 август се организира меѓународен саем на традиционални производи и меѓународен етно фестивал. На саемот се претставени три сектори: здрава храна, вешти раце, сувенири и резби. На фестивалот настапуваат изведувачи од различни земји и создаваат фузија на различните култури и специфики. Целта е да се презентираат традиционалните вредности и нивната специфика, како на малешевскиот регион, така и на гостите присутни на овој етно фестивал. За време на одржувањето на фестивалот, плоштадот во Берово доживува визуелна реконструкција каде може да се почувствува духот на минатото и традицијата. На фестивалот настапуваат реномирани интернационални изведувачи кои веќе го докажале своето музичко творештво и влијание во светот.

8. **Декември - Марш од с. Русиново до Петлец**

По повод одбележувањето на смртта на македонскиот револуционер Дамјан Груев и оддавање чест за неговото дело секоја година се организира марш од с. Русиново до планината Петлец, на местото каде што е убиен во 1906 г.

Цркви и манастири

Регионот поседува вредни и уникатни објекти од сакрална архитектура, коишто можат да бидат дел од богата понуда на руралниот туризам. Дел од нив се мапирани во националната туристичка понуда и како такви се етаблирани како локации кои привлекуваат голем број посетители. Со нив има најголем потенцијал за развој на верскиот и културниот туризам. За ваквите локалитети потребни се дополнителни напори за нивна понатамошна промоција и обезбедување логистика која ќе обезбеди дополнителни услуги за посетителите (сместување за локалитети во кои не е можно сместување, исхрана, сувенири и сл.). За религиозните објекти кои имаат регионални значење потребна е засилена промоција и нивно искористување во создавање туристички производи во комбинација со природните ресурси и ресурсите на руралните средини. Од нив, со умешно и креативно ползување и вградување во туристичките производи се прави автохтона и конкурентна туристичка понуда во делот на руралниот туризам, етно туризмот и еко туризмот.

1. **Манастирот Св. Пресвета Богородица Балаклија (Источен Петок)**

Црквата Пресвета Богородица се наоѓа во близината на Берово, односно на патот Берово – Беровско Езеро, во грлото на брегалничката абланечка клисура. Започнала да се гради во 1972, а била завршена во 1975 година и е изградена во стилот на византиско-македонските цркви од среден век. Манастирот е машки, а типикот на манастирот е исихастички. Во близина на манастирската се наоѓала друга, постара црква (еднокорабна, скромна црква градена од кршен камен, со дрвена таваница и полукружна апсида однадвор, влез на западната страна, 4 прозорци на северната и 3 на јужната страна), која што била разрушена, а иконите од неа били пренесени во новата црква.

На 28 август православниот христијански народ го прославува празникот Успение на Пресвета Богородица. По тој повод, на тој ден, секоја година, Берово е домаќин на на црковно народниот собир кој што се организира во манастирот Пресвета Богородица - Источен Петок. На 28 август во Берово доаѓаат луѓе од сите краеви на Македонија и пошироко, чиј што број достигнува до 15.000. Во манастирот жителите на градот-домаќин организираат масовна прослава во чест на празникот, при што секој од посетителите - поклоници, оддава почит на Богородица и учествува на свечената трпеза. На тој начин се продолжува традицијата, која трае веќе десетина векови.

Слика 2. Манастир Св.Пресвета Богородица Балаклија (Источен Петок)

2. Рождество на Пресвета Богородица

Црквата Рождество на Пресвета Богородица е еден од препознатливите белези на Берово и центар на збиднувањата за жителите и посетителите. Црквата е изградена во 1912 година, а е осветена во 1922. Во 1930 г. била изградена камбанарија. Има облик на еднокорабна градба од поголеми размери, со полукружна апсида однадвор. Во внатрешноста, во горниот дел завршува со рамна таваница, зелено обоена, со тоа што делот од централниот простор е повисок и има украсни полиња.

Слика 3. Рождество на Пресвета Богородица

3. „Св. Архангел Михаил“

На самиот влез брегалничко – абланечката клисура, каде што Брегалница започнува на навлегува во беровско поле се наоѓа манастирот „Свети Архангел Михаил”, кој што е изграден во 1818 година. Изграден е меѓу две стари цркви, меѓу „Свети Ѓорѓи” од десната страна на околу стотина метри, на чие што место денес постои оброчиште и „Света Богорогица” од левата страна, на влезот во брегалничката клисура, на местото каде во 18 век се наоѓало Берово. Темелите на првиот женски манастир во Берово се подигнати дваесет години по изработката на манастирската црква (околу 1840 год.). Во својот најголем подем манастирот броел и до шеесет монахињи (калуѓерки) со развиена богата економија, богословско училиште, ткајачница. Од јужната, западната и северната страна на црквата се сместени конаците во кои живеат монахињите. Тие се изградени во чиста малешевска стара архитектура на приземје, со вкупно 16 соби и површина од 560 метри квадратни. Во јужниот дел на конаците се сместени две спомен соби, едната на Атанас Раздолов, а другата на Никола Петров Русински, а во другиот дел од јужните конаци е сместен музејот посветен на разловечкото и Кресненското востание.

Црквата со голем трем, изградена во архитектурен опус од XIX век, доминира во манастирскиот двор. Во нејзината внатрешност ликовите на светителите се насликани во карактеристичен стил што отстапува од византиските канони. Од првобитниот иконостас сочувана е само една икона со претставата на Светиот пророк Ное, дело на иконописецот Георги Велјанов од Струмица, изработена во 1818 година. Конакот е разигран. На иконостасот што го дели олтарот од средниот дел се вградени 10 таканаречени царски икони со врвен уметнички дострел. Привлекува со топлината на присуството на дрвото, обликувано во староградски стил од XIX век. Во манастирската библиотека се чуваат голем број на книги и текстови од XIX и XX век, а во внатрешноста на црквата има 72 икони од XIX.

Слика 4. Св.Архангел Михаил

4. Црква Св.Петка – село Русиново

Црквата „Св. Петка” се наоѓа на излезот од селото Русиново, на патот кој води кон селото Владимирово. Таа датира од првата половина на деветнаесетиот век, богата е со икони и записи кои се однесуваат на различни временски периоди. Исто така во ова село може да се посетат уште капелната црква „Св. Архангел Михаил“, од 14 век, а со убавината ќе ве плени и капелната црква „Св. Марко“ каде што се прави курбан (црковно – народен собир) на празникот Голема Богородица на 28 август секоја година.

Слика 5. Црква Св.Петка – село Русиново

5. Црква Св.Апостоли – село Ратево

Во селото Ратево кое е оддалечено 7 km од Берово можете да ја посетите црквата Св. „Апостоли”. Изградена во втората половина на XIX век и слично како и повеќето цркви во Малешевијата располага со многу икони кои пак се испишани со записи од различни временски периоди. Во неа курбан (црковно – народен собир) се прави на Голема Богородица и Илинден, а селска слава е Св. Павле.

Слика 6. Црква Св.Апостоли – село Ратево

6. Црква Св.Спас – село Владимирово

Ова село плени со својата стара архитектура. Во центарот на селото се наоѓа стариот Ан кој датира од 18 век и црквата „Св. Спас“ од 1843 г. која што освен црква низ времето била и училиште и полициска станица. Во црквата е откриен „Летопис на црквата на Св. Вознесение Христово“. Селска слава е Св. Спас, а курбан (црковно – народен собир) се прави на Илинден.

Слика 7. Црква Св.Спас – село Владимирово

7. Црква Успение на Пресвета Богородица – село Смојмирово

Во селото кое е најблизу до Берово, т.е. оддалечено е само 3 km од Берово, можете да ја посетите црквата “Успение на Пресвете Богородица” кој што е изградена во 1909 година на местото на кое имало стара црква. Црквата е слична со црквата “Св.Спас“ во с. Владимирово. Селска слава е Св. Троица.

Слика 8. Црква Успение на Пресвета Богородица – село Смојмирово

8. Црква Св.Атанас – село Мачево

Во Мачево, најмалото беровско село, се наоѓа црквата „Св. Атанас“ која што според натписот над западниот влез е изградена во 1932 г. на местото на постара црква. Селска слава е Св. Атанас, а курбан (црковно – народен собир) се прави на Илинден. Исто така во ова село може да се посети и археолошкиот локалитет познат како Мачевски Чуки – могли од римско време. Тој располага со тули кои имаат неправилна форма, печени се и бојата им е црвено кафеава. Тие се ископани од малата чука која се одрони при пробивањето на новиот пробиван пат Берово – Кочани.

Слика 9. Црква Св.Атанас – село Мачево

9. Црква Св.Ѓорѓи – село Будинарци

Во селото Будинарци е зачувана уникатна селска архитектура од 18 век. Тука може да ја посетите црквата „Св. Ѓорѓи“ која е изградена во 1857 година. Црковно – народен собир се прави на Илинден и Митровден. Селска слава е Света Пресвета. Западно од селото се наоѓа капелната црква „Св. Ѓорѓи“, каде што на Ѓурѓовден се прави црковно - народен собир. Покрај капелната црква има извор на света вода, каде што многу луѓе наоѓаат утеха на своите маки.

Слика 10. Црква Св.Ѓорѓи – село Будинарци

10. Црква Св.Илија – село Митрашинци

Во селото Митрашинци можете да ја посетите најголемата црква во општината „Св. Илија“, но нема податоци за периодот кога е изградена. Според еден натпис во црквата, таа е живописана во 1894 г. Оваа црква е единствена во Малешевијата, чија што внатрешност е целосно фрескописана.



Слика 11. Црква Св.Илија – село Митрашинци

11. Црква Пресвета Богородица – село Двориште

Во селото Двориште, најоддалеченото село во Малешевијата од Берово. можете да ја посетите црквата „Пресвета Богородица“ изградена во почетокот на 20 век од преселници од Рибница, Пиринска Македонија. Интересен е обичајот Сурова, кој што се прави ноќта на 13 спроти 14 јануари секоја година. Селска слава е Мала Богородица, во народот познат како Рожен, а курбан (црковно – народен собир) се прави на Илинден.

Слика 12. Црква Пресвета Богородица – село Двориште

5.3. Анализа на демографските ресурси и населби

Демографски ресурси

Бидејќи туризмот е трудоинтензивен сектор, кој вклучува или може да вклучи голем број население, демографските ресурси се од особена важност за развојот на туризмот.

Последни податоци за пописот на населението во Македонија ги добиваме од пописот во 2002 година. Во моментот на изработка на Стратегијата на Општина Берово не може да се обезбедат понови податоци за одредени категории. Податоци од понов датум користевме само за податоците за кои Заводот за статистика на Р.Македонија ја има обновено евиденцијата, Според пописот од 2002 г. Во Берово има 13.941 жители. Според процената за 2011 година направена од Заводот за статистика на Р.Македонија во

Берово имало 13 337 жители. Според овие податоци може да се заклучи дека Берово спаѓа во категоријата на помали општини во Р.Македонија.

Како што може да се види од следната Табела за бројот на население по населени места според пописите 1921 – 2002 г., бројот на жители континуирано се зголемувал од 1921 г. до 1991 г., а потоа од 1991 – 2011 г., опаѓа со просечна стапка од -0,41 %. Во однос на претходниот попис од 2002 г., нивниот број е намален за 604 лица или за 4.33%.

Табела 1. Број на население по населени места спореде пописите 1921 – 2002

Населено место	Број на жители во годините на попис									
Малешевија	1921	1948	1953	1961	1971	1981	1991	1994*)	2002	2012
	13939	19017	20438	20048	19949	20227	20395	19829	19458	
Општина Берово	**10045**	**13062**	**14153**	**14048**	**14194**	**14368**	**14543**	**14179**	**13941**	**13242**
Берово	**2507**	**3619**	**4176**	**4288**	**5092**	**6070**	**6869**	**6752**	**7002**	
Будинарци	538	839	861	881	857	783	723	714	681	
Владимирово	1300	1965	1896	1790	1473	1290	1110	1043	861	
Двориште	487	1162	1339	1318	1182	955	854	825	757	
Мачево	178	329	322	297	276	260	208	216	206	
Митрашинци	886	1118	1245	1149	1054	965	863	794	729	
Ратево	893	1259	1267	1229	1145	1060	941	910	844	
Русиново	1307	2044	2251	2242	2288	2173	2149	2100	2095	
Смојмирово	533	727	796	854	827	812	826	825	765	

Извор: Државен завод за статистика

Притоа, карактеристично е дека само во градот Берово, во меѓупописниот период 1994 – 2002 год., бројот на населението е зголемен за 250 лица, или за 3,6%, што во најголем дел се должи на миграцијата село - град, а во сите населени места има намалување, со тоа што најголем пад е регистриран во Владимирово, од 22,5% од 1991 до 2002. Според последните податоци од заводот за статистика за 2011 год. во Берово од други Општини се доселиле 63 граѓани (главно заради склучени бракови и/или семејни причини) а се одселиле 83 граѓани (најмногу заради склучени бракови) а миграционото салдо изнесува - 20 лица.

Населените места во Општината се од збиен тип, со оддалеченост од 3 до 15 км од општинскиот центар, со исклучок на село Двориште, кое се наоѓа во близина на македонско -бугарската граница и е оддалечено 21 км од Берово. Во 2011 година се регистрирани 97 живородени лица (7.2 на 1.000 жители), додека, пак, во истата година, се регистрирани 146 умрени лица (10,9 на 1.000 жители). Како резултат на овие бројки, природниот прираст во 2011 година има негативен тренд и изнесува - 6.5 %. Со 23,31 жители на еден километар, Општината се вбројува меѓу ретко населените Општини во Р Македонија. Загрижува податокот што во старосната структура на населението сè повеќе доминира повозрасното население над 65 години, за сметка на младото население. Просечната старост на населението според податоците на Заводот за статистика на Р.Македонија за 2011 год. година, изнесува 39,93 години, учеството на младото население до 20-годишна возраст изнесува 2718 лица или 20.37%, на возраст од 20 до 30 години се 2037 лице односно 15.27%, од 30 до 40 години се 1809 лица или 13.56%. Населението на возраст од 40 до 50 години изнесува 1882 лица или 14.11%, додека населението на возраст од 50 до 60 е 2057 лица или 15.42%, а останатиот дел со 60 и повеќе години учествува со 2834 лица или 21.24%.

Со коефициент на демографска старост од 1.04 општината има ранг 6, и со тоа се вбројува меѓу општините со длабока демографска старост. Структурата на населението по пол за општина Берово е 6726 мажи или 50,4% и 6611 жени или 49.5% од вкупното население.

Значајно за развојот на туризмот е што се зголемува учеството на население со завршено средно и факултетско образование, кое, пак, е неопходно за зголемување на туристичките активности и понуди во регионот. Инаку, поради миграцијата од селата во градовите, во рамките на регионот, од ‘60-тите години значително е зголемено учеството на урбаното (66%), за сметка на руралното население (34%). Тоа предизвика голем демографски, но и социоекономски дисбаланс.

Населби како туристички ресурс во Општина Берово

Општина Берово се состои од вкупно 9 населби, од кои: градот Берово и селата: Будинарци, Русиново, Владимирово, Ратево, Смојмирово, Двориште, Митрашинци, и Мачево. Секоја од нив е многу важен фактор за развојот на туристичките активности кои ги предвидува Стратегијата. Особено се важни селските населби, кои се основа на руралниот, но и многу други видови туризам тесно поврзани со природните и културните вредности со кои изобилува регионот. Селските населби, покрај својата основна резиденцијална функција, се повеќе добиваат и рекреативна – туристичка функција. Под рекреативна туристичка функција се подразбира привремен престој на градското население во рурален простор кој се наоѓа во близина на градот. Туристичката функција претставува привремен престој во руралниот простор од страна на посетители кои доаѓаат од оддалечени места. Сепак, состојбата со населението во Берово е загрижувачка. Имено, поради стихијната миграција од селата кон градовите, посебно во 60-тите и 70-тите години на минатио век, во повеќето од селата бројот на жители е значително намален.

Иако обично имаат извонредна природна поставеност, живописност и пејзажна атрактивност, односно привлечност за туристите, во нив денес живее постаро население, кое не може да претставува основа за нудење на неопходните туристички активности и услуги.

Единствен начин да се забави демографското пропаѓање на населбите, особено селата е токму туризмот. Од гледиште на туристичката понуда, овие селски населби можеме да ги поделиме на:

- Самостојни туристички села со комплетна туристичка понуда (сместување, исхрана, рекреација, културни содржини и сл.)
- Туристички села со парцијална туристичка понуда придружена со други сегменти на туристичка побарувачка (села во близина на езера, бањи, планински центри и сл.)
- Села со манифестациска туристичка културна понуда (панаѓури, саеми, фестивали, селски слави, ликовни колонии и сл.)
- Транзитни туристички села (села покрај сообраќајници)
- Излетнички туристички села (села во близина на градските центри)
- Села кои можат да се занимаваат со давање разни услуги (лов, риболов, спорт, верски содржини, училиште во природа и сл.).

График 2. Промена на населението во Берово од 1948 доо 2002 година

Извор: Државен завод за статистика

Берово како град е исто така многу значаен туристички ресурс. Значајно е да се напомене дека и Берово е зафатен со емиграциски процес: особено кон Штип, потоа кон главниот град Скопје и кон странство.

Анализа на рецептивни фактори

Една од најважните гранки во туристичкото стопанство претставува угостителството (капацитетите во хотелиерството и ресторанството). Доколку нема доволно сместувачки капацитети и објекти, економското значење на туризмот нема да има функција. Токму тие објекти се основен критериум за туристичка развиеност на туристичките места (општини, градови, поединечни региони и држави како целина). Веднаш по туристичките ресурси, капацитетите на угостителството се најзначаен дел од туристичката понуда. Тие ја имаат одлучувачката улога во постигнувањето на економски ефекти.

Како што може да се види од следните табели, еден од главните недостатоци за значаен развој на туристичкиот сектор во целиот источен плански регион, а со тоа и Општина Берово е недоволниот број на објекти за сместување, соби и легла.

Табела 2. Број на соби и број на легла во планските региони од 2006 – 2014 г.

	Број на соби								
	РМ	**ВПР**	**ИПР**	**ЈЗПР**	**ЈИПР**	**ПЕПР**	**ПОПР**	**СИПР**	**СПР**
2006	26,503	553	**716**	16,400	2,095	3,502	987	276	1,974
2007	26,246	553	**670**	16,166	2,062	3,452	990	289	2,064
2008	25,952	550	**588**	16,154	2,095	3,053	1,020	291	2,201
2009	26,39	508	**598**	16,369	2,152	3,102	1,080	297	2,284
2010	26,189	554	**533**	16,013	2,105	3,390	1,011	292	2,291
2011	26,448	589	**544**	16,033	2,277	3,330	1,018	302	2,355
2012	26,877	689	**599**	16,035	2,298	3,497	1,014	306	2,439
2013	26,877	690	**620**	16,050	2,346	3,322	1,072	300	2,487
2014	27,422	666	**637**	16,304	2,374	3,431	1,111	298	2,601
	Број на легла								
2006	71,021	1,647	**1,973**	42,425	5,937	10,231	3,069	734	5,005
2007	70,898	1,647	**1,876**	42,451	5,910	10,012	3,039	803	5,160
2008	69,097	1,504	**1,729**	41,703	5,893	8,993	3,046	800	5,429
2009	69,561	1,360	**1,718**	42,103	5,750	8,999	3,182	805	5,644
2010	69,102	1,496	**1,591**	41,458	5,724	10,229	3,057	633	4,914
2011	69,737	1,701	**1,606**	41,454	6,069	10,165	3,058	645	5,039
2012	70,287	1,829	**1,721**	41,458	6,088	10,310	3,059	653	5,169
2013	70,297	1,819	**1,826**	41,411	6,298	10,001	3,153	647	5,142
2014	71,225	1,677	**1,869**	42,025	6,277	10,055	3,330	648	5,344

Извор: Државен завод за статистика

Источниот плански регион е регион каде бројот на соби е далеку под илјада, а бројот на легла под две илјади. Од вкупниот број 27,422 во Р.Македонија во 2014 година, во Источниот плански регион има само 637 или 2,23% од вкупниот број на соби во земјава. Сместувачките капацитети во земјава во 2014 година, располагале со 71,225 легла, од кои само 1,869 или 2,6% во Источниот плански регион (Табела 2). Исто така, може да се забележи дека во периодот 2006 - 2014 има тенденција на намалување на бројот на собите и леглата до 2010 година, за потоа повторно да почне циклусот на раст на нивниот број. Според

Пописот на угостителство од 2008, во сместувачките капацитети во земјава биле вработени 5,444 лица, а во Источниот плански регион само 265 лица или 4,87% од вкупниот број.

Во Општина Берово, гостите најмногу престојуваат за време на викенд, посебно за новогодишните, велигденските и првомајските празници, а за време на летниот период се задржуваат просечно по 4 – 7 дена. Најголем број од посетителите се домашни туристи, но во последните неколку години и бројот на странските туристи е во пораст. Гостите најголем интерес покажуваат за чистиот воздух, мирната и тивка околина и можностите за одмор и релаксација, вклучувајќи ги и прошетките во планина, но не е мал ни бројот на оние кои доаѓаат во Берово поради здравствени причини.

Сепак треба да се напомене дека статистичките податоци треба да се земат со голема резерва. Имено, најголемиот број на мали сместувачки капацитети како вили, апартмани и сл., статистички не се евидентирани. Така, на туристичкиот портал за резервација: www.berovobooking.com.mk, кој за жал е единствен од таков вид во ИПР, на 20.01.2019 се нуделе 35 сместувачки капацитети во Берово и околу Беровско езеро со околу 600 легла, наспроти само 5 сместувачки капацитети присутни во статистичките податоци. Овие викенд населби, односно викенд куќи, заинтересираните сопственици би можеле да ги адаптираат за сместување туристи.

Следна важна карактеристика е тоа што сместувачките и угостителските објекти речиси воопшто не се присутни на туристичките интернет портали како најбрз и најефективен начин на рекламирањ. Така, на познатата интернет страна booking.com, преку која се резервира и се остварува огромен туристички промет, на 20.01.2019 г. беа присутни само дел од сместувачките објекти од Општина Берово, и тоа: Хотел Манастир, Хестија Апартмани, Хотел Аурора, Апартмани Поли, Вила Амика, ВИП Хотел Берово, Апартмани Природа и Апартмани Алекс. Поради ова, потенцијалните заинтересирани посетители воопшто не се запознаени дали и каде би можеле да се сместат во рамките на Општина Берово, бидејќи најчесто интернетот е најлесен и најбрз извор на туристички информации.

Туристички промет и сместувачки капацитети

Врз основа на последните податоци од заводот за статистика во 2018 год. во Берово престојувале вкупно 13,0396 туристи од кои 8980 домашни и 4056 странски. Домашните туристи оствариле поголем број на ноќевања и тоа 16,581 додека странските 6,478 ноќевања или вкупно заедно 23,059 ноќевања.

Табела 3. Број и ноќевања на домашни и странски туристи, 2013-2018, во Општина Берово, по години

	2013		2014		2015		2016		2017		2018	
	Број на туристи	Број на ноќевања	Број на туристи	Број на ноќевања	Број на туристи	Број на ноќевања	Број на туристи	Број на ноќевања	Број на туристи	Број на ноќевања	Број на туристи	Број на ноќевања
Домашни туристи	5456	9028	6138	10986	7216	13388	8090	15321	9905	18663	8980	16581
Странски туристи	2218	4403	3008	5525	2511	4898	3382	6026	3960	6822	4056	6478

Извор: Државен завод за статистика

График 3. Туристи во Општина Берово

График 4. Ноќевања на туристи во Берово

Особено важни и најпознати сместувачки капацитети, кои го остваруваат поголемиот дел од туристичкиот промет се:

1. Хотелски комплекс Манастир

Хотелскиот комплекс Манастир е сместен сред божествената убавина на Малешевијата, веднаш до манастирот Св. Архангел Михаил од кој е добиена и инспирацијата за неговата специфична манастирска архитектура. Со почитта кон историјата и традицијата, а со цел да не се наруши вонвременската убавина на градбата е постигната беспрекорна хармонија меѓу вековното и ново - создаденото со што се создава една целина во која гостите ќе можат да се релаксираат и уживаат во незаборавните вкусови на гастрономските специјалитети и автентичната етно атмосфера. Хотелскиот комплекс Манастир располага

со три хотелски крила, СПА содржини, сала за семинари, две летни тераси, „чардак“, терен за тенис, мултифункционален терен за кошарка, фудбал и одбојка, детско игралиште и надгледуван паркинг простор. Трите хотелски крила располагаат со 6 стандард соби, 2 соседни стандард соби, 6 студиа, 8 супериор соби, 3 двособни апартмани, 3 супериор апартмани и 2 двособни супериор апартмани, со располагање на вкупно 70 легла. Сепак при полна негова искористеност, хотелот може да прими 90 лица. Сместувачкиот капацитет, е одлика на „модерното“, од причина што такво е побарувањето на денешниот современ турист, кој има потреба од удобност и комфор.

Слика 13. Хотелски комплекс Манастир

Сите соби се опремени со директна телефонска линија, мини бар, LCD-TV со кабловска, бесплатна безжична интернет конекција, бања со тоалет, воедно истите, со исклучок на неколку, имаат и тераса со неповторлив поглед. Планинското опкружување, езерото, маркираните велосипедски и пешачки патеки, се најпогодното место за релаксирачки прошетки, за љубителите на планинарењето и mount - biking, како и за оние кои бараат авантури и предизвици, но исто така и за љубителите на ловот и риболовот, а и кајакарите на мирни води токму овде ќе го пронајдат она по што трагале. Во денешниот свет на висока технологија и интензивен брз, динамичен начин на живот, потребно е да се обнови животна енергија, а „Манстир“ и еко - туризмот се вистински избор кон таа цел.

2. Аурора - Ресорт и Спа

Комплексот Аурора претставува уникатна архитектонска градба, изграден од природни материјали, со употреба на вулкански камен и дрво, оплеменет со различни видови на растенија кои го

претвараат во прекрасна ботаничка градина. Со надморска височина од 1100 метри, ресортот е сместен во источниот планински дел на Македонија, близу до градот Берово, веднаш над Беровското езеро и прекрасниот кањон на Малешевските планини.

Слика 14. Аурора – Ресорт и Спа

Точно овој регион, често именуван како мала Швајцарија, се наоѓа еден од четирите воздушни коридори во светот, збогатен со огромно количество на кислород, претворајќи го ресортот во беспрекорно чиста воздушна бања. Со своите содржини како: world-class СПА центар, ресторан што претставува уметничко ремек дело, пет ѕвездено сместување, прекрасни базени, беспрекорна услуга од светска класа и богати и интересни планински содржини, го прават овој луксузен сепак интимен комплекс вашето совршено бегство од секојдневието.

3. ВИП Хотел - Берово

ВИП Хотел - Берово е основан во 2010 година, изграден во модерен стил и е лоциран до самото езеро, со прекрасен поглед на околните шуми и зелените планини. Доколку сакате да избегате од градската врева, стресното секојдневие, сообраќајниот метеж, и барем за кратко да им се вратите на мирот, спокојството и природата во Македонија, испланирајте викенд на Беровско езеро во овој хотел.

Слика 15. ВИП Хотел – Берово

4. Боров Еликсир СОЛМАРЕ

Во наредните 3 години во Општина Берово ќе се започне со градба на првиот комплекс за здравствен и рекреативен комплекс, Берово ќе се збогати со уште еден туристички комплекс "Боров Еликсер СОЛЕМАР". Инвестиција во нов капацитет – Хотел со 5 ѕвезди и Велнес Центар со солена бања, локацијата е покрај регионалниот пат Берово – Струмица, во непосредна близина на отклонот за село Русиново, Општина Берово.

Хотелот Боров Еликсир СОЛЕМАР ќе претставува светски позната туристичка дестинација, Берово се смета за место со најчист воздух на Балканот, место одлично за развивање на велнес и спа туризам, со луксузни сместувачки капацитети и содржини за алтернативен селски, етно, авантуристички и други видови на туризам.

Ова ќе биде прв туристички комплекс кој ќе се гради надвор од веќе постоечките туристички населби во Берово

5.4. Останати значајни фактори за развојот на туризмот во Општина Берово

Транспортна инфраструктура

Патна инфраструктура

Берово се наоѓа во источниот дел на Република Македонија и е поврзан со сообраќајниот систем на државата само со системите на патна мрежа и на меѓуградскиот сообраќај на патници.

Општината Берово е поврзана со два регионални патни правци кон внатрешноста на Република Македонија со:

- Р-527 - Кочани-Виница-Берово-Клепало (граничен премин);
- Р-523 - Делчево-Пехчево-Берово-Струмица;
- Р-524 - Берово-Клепало (граница Р. Бугарија);
- регионалниот патен правец Р-603 – Берово - Подареш - Радовиш

Од аспект на развој на туризмот, потребно е забрзана изградба на регионалните патни правци. Со тоа ќе се олесни пристапот кон регионот, но и ќе се создадат можности за создавање интегрирани туристички производи базирани на меѓурегионална туристичка понуда и соработка. Одржувањето на регионалните патишта е во надлежност на ЈП Македонија пат и моментално скоро на сите регионални патишта е потребна реконструкција. Сите селски населби од Општината се поврзани со градот Берово, со асфалтирани локални патишта. Локалните патишта имаат вкупна должина од 36 км и 109,94 ха, од кои 14% се неасфалтирани земјени патишта.

Постојната состојба со квалитетот на патната инфраструктура е прилично лоша, што е последица на недоволното одржување и инвестирање во неа. Локалните патишта се во прилично лоша состојба. Поголем дел од локалните патни правци се со несоодветен квалитет, а на определени делници квалитетот на локалната патна мрежа е на толку ниско ниво што претставува и потенцијална опасност за нормално одвивање на сообраќајот.

Уличната мрежа во Берово има должина од 26,5 км, со површина од 156.500 м2, од кои 62,7% се асфалтирани, 8,4% се коцка, 1,1% се тампонирани, 11,7% се земјени и 16,1% се непробиени. Проблем за движењето на пешаците претставуваат неизградените тротоари на поголемиот дел од градските улици. Евидентен е недостаток на соодветен паркинг-простор за моторните возила.

За опслужување на моторните возила со погонско гориво се користат 3 бензиски пумпи:

- Макпетрол, ул.Маршал Тито 3А - Берово
- Дива Компани, Илинденска ББ – село.Смојмирово
- Шливка Петрол – Владимирски пат ББ

Подобрувањето на патната инфраструктура е од исклучително значење за развојот на туризмот во Берово. Таа е потребна како за олеснување на пристапот на туристите до регионот така и за обезбедувањето на туристичките услуги. Несоодветните локални и регионални патишта негативно влијаат на постоечките потенцијали кај постоечките субјекти кои се занимаваат со туризам, пред сè поради фактот на усложнување на транспортот на туристите и поскапувањето на вкупните трошоци поврзани со транспортот и одржувањето на објектите. Дополнително, лошата патна инфраструктура го усложнува и планот за развој на туристичкиот сектор во општините во регионот кои имаат потенцијал тоа да го направат. Од особена важност е изградбата и локалните патни правци. Ова е значајно не само од аспект на олеснувањето на пристапот до туристичките атрактивности туку и поради зголемување на потенцијалите на мобилност на луѓето, опремата и добрата. Високата концентрација на населението во урбаните средини е неповолен фактор за развој на туризмот во регионот, посебно во руралните и ненаселените места. Ваквата ситуација бара потреба од ангажирање работна сила од градовите за потребите на туристичка инфраструктура надвор од урбаните центри.

Иако Берово има заедничка граница со Република Бугарија од околу 100 км, на неговата територија постои само еден граничен премин (Делчево). Планот за отварање на граничниот премин Клепало е најавен за 2020 година. За потребите на развојот на туристичкиот сектор во Берово од приоритетно значење е целосна модернизација на постоечкиот граничен премин и отворање на планираниот. Граничните премини се портите на регионот кои ќе го олеснат пристапот на странските гости.



Слика 16. Одалеченост на Општина Берово од трите главни градови – Скопје, Солун, Софија

Железничка инфраструктура и воздушен сообраќај

Најблиската железничка станица е на 50 км од Берово и се наоѓа во Кочани. Железничкиот транспорт во источниот дел на земјата е во стагнација.

Лошата состојба на железничката мрежа е негативен фактор за развој на туризмот и потребни се инвестиции за подобрување како на постоечката мрежа така и за нејзино проширување. Подобрената железничка мрежа ќе има позитивни ефекти во поврзувањето на регионот со соседниот Вардарски регион (еден од најзначајните региони од аспект на железничката мрежа бидејќи низ него минуваат клучните железнички линии во државата) и со Скопје како главно емитивно подрачје, посебно од аспект на поттикнување на економскиот раст преку инвестиции.

Берово има скоро централна поставеност во однос на околните аеродроми: 170 км од Скопје, 162 км од Солун и 165 км од Софија. Најблиското пристаниште е во Солун.

Комунална инфраструктура

Водоснабдителна мрежа

Јавното претпријатие ЈПКР „Услуга" снабдува 8 селски населби (Смојмирово, Мачево, Робово, Умлена, Будинарци, Владимирово, Митрашинци и Русиново) и градот Берово со вода за пиење, односно 90% од населението. Селата Двориште и Ратево имаат сопствени и независни водоснабдителни системи на изворска вода. Исто така, јавното претпријатие снабдува 14% од општина Пехчево со вода за пиење. Изворот за водоснабдување е со зафаќање на површински води од акумулацијата Беровско Езеро.

Дел од проблемите со водоснабдувањето се решени со доградбата на нов резервар (1200 м^3), заменет е активниот јаглен, набавена е нова лабараторија, оптимизиран е процесот на преработка на водата и изградена е станица за отпадни води во близина на с. Мачево.

Застарената водоснабдителна мрежа, која истовремено нема доволно капацитети, и недостигот на вода за пиење во летните месеци претставува сериозен проблем за развој на туристичката инфраструктура во регионот и потребни се мерки кои ќе влијаат на подобрувањето на ситуацијата.

Канализација

Собирањето и одведувањето на отпадните води во Општината е решено во градот Берово и делумно во 3 селски населби (во најголемата селска насеба Русиново). Собирањето се врши преку канализациона мрежа и собирни колектори, од кои понатаму водата се испушта во реката, без пречистување.

Основна слабост на постојниот канализационен систем е проблемот со мали профили на одделни места, со што се предизвикуваат тесни грла и затнувања. Напредок преставува изградбата на

пречистителната станица, како и доизградба на канализациониот систем во селските населби. Целта на изградбата на ПСОВ е заштита на течението на река Брегалница од загадување со отпадните води од домаќинствата и од индустријата во регионот на Општините Берово и Пехчево со што се промовира одржливиот развој на регионот.

Канализационата мрежа има вкупна должина од 21 км, а должината на главниот колектор изнесува 6 км. Атмосферската канализација е реализирана само во 25% од планираното и претставува сериозен проблем, особено за време на поројните дождови.

Непостоењето на развиена одводна и колекторска мрежа негативно влијае на туристичкиот сектор, посебно во делот на изградба на туристичка инфраструктура за сместувачки и угостителски капацитети и во делот на изградба на санитарни јазли на туристички атрактивности со висока стапка на посетеност, лоцирани надвор од урбани населени места или надвор од населени места. Поради ова, од приоритетно значење е модернизацијата и проширувањето на системите за одведување на отпадните води и изградбата на пречистителните станици.

Енергетика

Снабдувањето со електрична енергија во Општината се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија. Вкупната должина на општинската електрична мрежа изнесува 327.015 км; од тоа 35 КВ е 42,49 км, 10 кв воздушна 135,89 км и подземна 13,635 км, и од 0,4 КВ воздушна 130,50 км и подземна 4,5 км.

Берово не располага со големи енергетски можности. За намалување на енергетската зависност на регионот треба да се искористат алтернативните извори на енергија. Регионот располага со потенцијали во енергија што може да се добие од ветер, сонце и биомаса.

6. SWOT Анализа

Со цел да се одредат јаките и слабите страни на Општина Берово, како внатрешни фактори од една страна и можностите и заканите, како надворешни фактори од друга страна, беше направена така наречена SWOT Анализа на заедницата. Оваа анализа никако не смее да се гледа како средство за фалење или критикување на одделни сегменти на заедницата, туку како алатка за полесно дефинирање на акциите за решавање на проблемите. Името на оваа алатка е кратенка од англиските зборови: Strenghts – јаки страни/сили, Weaknesses – слаби страни, Opportunities – можности и Threats – Закани. За таа цел определивме пет области: инфраструктура, туризам, економски развој, животна средина и образование, култура и спорт, за кои изработивме одделни SWOT Анализи.

Инфраструктура

Табела 4. SWOT Анализа на инфраструктурата во Општина Берово

Јаки страни	Слаби страни
1. Развиена инфраструктура, патна, енергетска, ИТ комуникација 2. Покриеност на локално ниво со транспорт 3. Граничен премин Клепало, Општина Берово е лоцирана долж границата со Република Бугарија, тоа значи дека Општина Берово се граничи со земја членка на Европска Унија 4. Постоење на неискористено државно земјиште како основа за развој на градежната инфраструктура 5. Добра состојба на Здравствениот Дом 6. Шумска полиција 7. Погранична и локална полиција	1. Изолираност – периферност во РМ 2. Не постои централен систем за греење (дрво како гориво за затоплување) 3. Не постои гасификација 4. Несоодветна инфраструктура во туристичките населби 5. Нема директни приватни инвеститори кои би инвестирале во локалната инфраструктура со цел да овозможат подобри економски услови за нивните работни процеси 6. Континуираност на миграцијата и намалување на активното население 7. Миграцијата влијае негативно на развојот на сите инфраструктурни области 8. Не постои соодветна патна инфраструктура до Хотел Вип и Хотел Аурора 9. Транспорт на локално ниво (нема такси служба, мини бус, комбе) 10. Нема соодветна автобуска станица 11. Не постои спасителна служба 12. Не постои инспекциски надзор 13. Тесен пат, проблем во поминување премин Меловет – Абланица -Пехчево

Можности	Закани
1. Пуштање во употреба на граничен премин Клепало 2. Реновирање на зградата на преминот Клепало 3. Планови за ревитализација на градското јадро и околината 4. Аплицирање за грантови и средства од национални и интернационални фондови за развој на инфраструктурата 5. Промоција и развој на руралната инфраструктура и традиција 6. Пуштање во употреба на новиот пат до Св.Николе 7. Урбанизација до улив на Беровско Езеро 8. Пуштање на автобуски линии до Охрид, во месеци јануари, мај-септември 9. Подобрување на патната инфраструктура до Хотел Вип и Хотел Аурора (подобар пристап) 10. Изградба на пат (макадам) околу Беровско Езеро (осветлување, тоалети, клупи, летниковци) 11. Изградба на мост (премин Меловет - Абланица - Пехчево)	1. Неуспех на апликации за средства од развојните фондови 2. Државата не издвојува пари за гасификација на Општина Берово 3. Афирмирање на туризмот во Охрид и Скопје 4. Голем акцент за развој на туризмот во Македонија се става на Западна Македонија 5. Проблем со канализација 6. Вода до сите капацитети во Општина Берово 7. Не постои паркинг за автобуси 8. Транспорт на национално ниво 9. Патот до граничниот премин да биде чист за време на врнежи од снег, за подобра проодност на жителите и туристите

Туризам

Табела 5. SWOT Анализа на туризмот во Општина Берово

Јаки страни	Слаби страни
1. Беровско езеро 2. Здрава храна 3. Прифатливи цени 4. Гостопримливост на населението 5. Негување на традицијата 6. Негување на културното наследство 7. Препознатливи земјоделски и сточарски производи 8. Атрактивно културно и природно наследство 9. Културни манифестации со долгогодишно искуство 10. Поволни климатски услови 11. Стабилни меѓуетнички односи 12. Традиционални верски собири 13. Богата историја, верски и културни објекти 14. Патеки за пешачење 15. Традиционална малешевска кујна 16. Организација на рели со џипови 17. Малешевска Корија 18. Развој на занетчиство 19. Општина Берово претпознатлива како воздушна бања 20. Општина со најголем број на сончеви денови 21. Планински велосипедски патеки	1. Мала атрактивност на Општина Берово за соседите и нивните туристи поради постоење само на еден грничен премин за цел Источен Регион и тоа премин Делчево 2. Недоволно и нерамномерно распределени финансиски средства за туризам 3. Недоволна информација за потенцијалните донатори за развој на туризмот во Општина Берово 4. Не е развиен приватниот капитал за инвестирање во иновативни проекти како и проекти за развој на туризмот 5. Потребно е подобрување во испораката на услугите од страна на сместувачките капацитети 6. Недоволно развиена туристичка дестинација 7. Недоволен број на граѓански организации кои работат на развој на туризмот и зачувување на природата 8. Мал сместувачки капацитет за одржување на настани (кога станува збор за одржување на конференции, обуки) 9. Промоција и зголемена продажба на ракотворби и традиционални производи 10. Недостаток на туристички водичи 11. Нема добра туристичка понуда 12. Недоволно вмрежување, соработка 13. Слабо менаџирање со дестинации 14. Не постои граѓански туристички информативен центар 15. Нема контролиран лов и риболов 16. Реставрирање на културните објекти 17. Начин за стандардизирање на Малешевските производи 18. Нефункционална меѓуинституционална соработка 19. Недоволно развиен самоодржлив туризам 20. Формирање на одделение за туризам во општината 21. Не постои претпознатлив бренд, лого 22. Не постои ажурирана и обновена веб страна за туризам 23. Замирање на занетчиството 24. Нема донатори 25. Не се познава доволно ИПА програмата

	26. Нефункционално меѓуинституционална соработка
Можности	**Закани**
1. Конгресен и семинарски туризам 2. Поддршка од донатори за развој на туризмот 3. Постоење на локации и локалитети за развој и посета на голем број на туристи 4. Прекугранична соработка и меѓуопштинска соработка 5. Препознатливост - брендирање 6. Учество на саеми, работилници и стручно усовршување 7. Развивање на алтернативни форми на туризам (културен, манифестациски, здравствен и сл) 8. Искористување на странски фондови 9. Подобрување на забавниот живот 10. Не постои соработка со соседните региони за заеднички развој на туристичката понуда 11. Едукација на туристички сектор 12. Годишни состаноци за вмрежување на населението 13. Патека на Илинденците 14. Промоција и зголемена продажба на ракотворбите и традиционалните производи 15. Контролиран лов и риболов 16. Да се вложи во туристичкиот локалитет „Споменик Даме Груев" 17. Соработка на НАИТАМ 18. Ден на слива 19. Развој на аграрен туризам	1. Изумирање на рурален туризам (недостиг на средства за ревитализација на руралната архитектура) 2. Намалена соработка со соседните земји 3. Слаба иницијатива на населението 4. Неунифицираност на Малешевските производи 5. Неконтролирана сеча на шуми 6. Државата дозволува влез на ГМО 7. Постоење на депонија (кај машки манастир) 8. Намалување на нивото на Беровско Езеро 9. Слаба покриеносто со мобилна мрежа кај Пехчевско и Бозна 10. Опаѓање на наталитетот

Економски развој

Табела 6. SWOT Анализа на економскиот развој во Општина Берово

Јаки страни	Слаби страни
1. Псотоење на природни ресурси 2. Општина со најголем број на сончеви денови во годината 3. Искористување на сончевата енергија (користење на сончеви колектори) 4. Производство на здрава храна 5. Препознатлива туристичка дестинација 6. Поволна клима за развој на сточарство, овоштарство, земјоделство	1. Бизнис деловен центар 2. Отсуство на претприемачка традиција 3. Неконкурентност на локалните производи на локалниот пазар 4. Недостаток на опрема и технологија во производството 5. Квалификувана работна рака 6. Поволни услови за инвестиција 7. Нема визија кај голем дел на деловни субјекти 8. Недостаток од силни граѓански здруженија/иницијативи за овозможување на соработка на локално и регионално ниво, како и работа на проекти од различни области за подобрување на Општина Берово 9. Создавање локални и регионални брендови 10. Оптималност на општинскиот центар за економски развој 11. Потенцијал во шумарство, земјоделство и енергетика 12. Вмрежување и координирање 13. Отвореност на Локалната самоуправа за соработка 14. Ревитализација на стари занаети
Можности	**Закани**
1. Прекугранична соработка и меѓуопштинска соработка 2. Потенцијал во земјоделство и шумарство 3. Долгорочни кредити со мали камати за туризам 4. Отворање на граничен премин Клепало 5. Работа на проекти	1. Политичка и економска нестабилност 2. Ниски примања, недостаток на кадар за работа на национално ниво 3. Неповолна микро клима за бизниси 4. Неповолна законска регулатива кон МСП 5. Одалеченост – зголемени транспортни трошоци 6. Одлив на голем број на туристи во Бугарија поради ниски цени на пазарот 7. Не се води сметка за нови инвестиции

Животна средина

Табела 7. SWOT Анализа на животната средина во Општина Берово

Јаки страни	Слаби страни
1. Чиста и богата животна средина, со вештачко езеро, богата флора и фауна 2. Добри природни ресурси (земјиште, шуми, вода, еколошка средина, воздух) 3. Чист воздух, место каде може да се прават најразлични активности во природа 4. Голем број на ендемични видови (растенија и животни) 5. Поволна клима 6. Разновиден шумски фонд 7. Шумски патеки 8. „Ченгино Кале" – во процес на прогласување за заштитено подрачје 9. Општина со најголем број на сончеви денови	1. Ниска еколошка свест, локалното население не поседува доволна едуцираносст за зачувување на природата и природните богатства 2. Голема опасност од пожари 3. Не постои локална регулатива за управување со отпад 4. Постоење на ХЕЦ 5. Постоење на хидроцентрала на Беровско Езеро (намалување на нивото на езерото) 6. Нема регулатива за заштита на автохтоните растенија и производи од животинско потекло, земјоделски производи 7. Нема ЛЕАП 8. Нема изработено план за амбиентален воздух 9. Нефункционалност на инспекциски органи 10. Палење на оган на необележано место
Можности	**Закани**
1. Поголемиот дел од регионот претставува чиста еколошка средина 2. Пристап до фондовите на ЕУ 3. Вмрежување и координирање 4. Размена на искуство 5. Правилно управување со шуми 6. Афирмирање на еколошката арта, можност за формирање на Национален Парк 7. Отворање на регионална депонија 8. Прогласување на споменици на природата 9. Изработка на "Стратегија за заштита на шумите" 10. Не постои закон кој регулира палење на оган на јавни површини 11. Натура 2000	1. Загадување на животната средина 2. Сеизмичко ризично подрачје 3. Изумирање на ендемичните видови (растенија и животни) 4. Неконтролирано искористување на шумите 5. Ниско ниво на комунална култура 6. Уништување на шумскиот предел од страна на туристите 7. Финансирање за изградба на мали хидроцентрали 8. Нема доволно искористување на биомасата 9. Регулативата дозволува горење на јаглен

Образование, култура и спорт

Табела 8. SWOT Анализа на образованието, културата и спортот во Општина Берово

Јаки страни	Слаби страни
1. Заинтересираност кај учениците за високо образование 2. Згрижување на деца од предшколска возраст 3. Постоење на туристичко -угостителска струка 4. Постоење на смер за рецепционери 5. Псотоење на смер туризам во средното училиште	1. Недостаток на стручно обучен кадар 2. Органичени опции за младите за избор на средно образование 3. Оддалеченост на училиштата од одредени населени места 4. Недостаток на образован кадар за работа во туристички објекти 5. Недостаток на просторни услови спорт, социјални настани, култура 6. Во училиштата нема место за практична настава 7. Не постојат спортски терени 8. Не постои смер за земјоделство и смер за сточарство 9. Не постојат вештачки карпи 10. Лоша спортско - рекреативна понуда 11. Потреба од авантуристички парк
Можности	**Закани**
1. Поврзување на училиштата од Општината со училишта од земји од ЕУ 2. Учество на грантови од ЕУ форумите и програмите за поддршка на училишта 3. Организирање на дополнителни настани за насочување на интересот на учениците кон технички науки 4. Изготвување на програма за културни настани 5. Изнајмување на велосипеди, кајаци, мотори, џипови 6. Обука за келнери и готвачи 7. Обука за планински и културен водич 8. Отворање на амфитеатар за одржување на големи настани 9. Можност за волонтирање на младите 10. Јавање на коњи во природа	1. Одлив на млад образовен кадар, миграција на млади, заминување на младите во друг град за завршување на средното образование 2. Слаба информираност на жителите 3. Обновување на закон за работни односи (можност за пола работна време за лица нас 15 години) 4. Мала стимулација на младите за работа

7.Конкурентност на Општина Берово

Со дефинирањето на препознатлив туристички производ во секоја од туристичките дестинации, меѓудругото, ќе придонесе до детектирање на дестинации од непосредното опкружување кои развиваат слични туристички производи и кои можат да се наметнат на туристичкиот пазар како сериозни конкуренти. Со досегашната анализа на туристичкиот производ во Општина Берово, во оваа Стратегија може да се извлечат следните заклучоци:

Конкурентност на Општина Берово во регионален контекст

Од аспект на конкурентноста во туризмот, Берово не е во многу поволна положба. Имено, во соседните региони во Македонија и Бугарија веќе постојат меѓународно препознатливи туристички центри, со подолга традиција, изградена инфраструктура, развиен маркетинг, профилиран пазар и други предности. Особено „засенување“ постои од планинските туристички центри Банско и Боровец во Бугарија, кои се на оддалеченост од само 50 - 100 км од Берово. Покрај нив, планинско - рекреативниот туристички производ на на домашниот пазар се соочува со неколку конкурентни туристички дестинации, меѓу кои внимание заслужуваат Маврово, Попова Шапка, Пелистер и Крушево. Речиси сите спомнати домашни конкурентни дестинации имаат подобри услови за скијање, особено од аспект на должината на патеките и имаат можност за свртување кон повеќе пазарни сегменти. На поширокиот регионален, односно меѓународен туристички пазар, без крупни промени во пристапот, Берово нема никаква шанса. На пример, перформансите на туристичките производи на Банско и Боровец во Бугарија (во непосредна близина на Источниот плански регион) и Копаоник (Србија) се едноставно надвор од конкуренција. Исто така, најавата за брза изградба на нов и ултра модерен ски центар Брезовица на Косово силно ќе ја заостри конкуренцијата на овој дел од Балканскиот Полуостров.

Слична е состојбата и со другите видови туризам. Така, бањскиот туризам е неспоредливо подобро развиен во Велинград и Сандански во Бугарија и ќе биде потребно доста време Берово да се доближи до нивото на истите. Овој дел на Бугарија е многу поразвиен и од аспект на руралниот туризам, спортскиот и рекреативен туризам, авантуризмот и сл.

Манастирскиот производ во Берово се соочува со силна конкуренција во непосредното окружување. Во тој контекст најголемо внимание заслужуваат следните манастирски комплекси: Св. Јоаким Осоговски, покрај Крива Паланка; Св. Спас во Гевгелија; Св. Ѓорѓи во Неготино; Воведение на Пресвета Богородица - Елеуса (Вељуса, Струмица); Св. Леонтиј - Водоча, Струмица. Некои од манастирските комплекси во Република Македонија одамна се ставени во функција на туристичкиот развој. Покрај Св. Климент Охридски - Плаошник и Св. Наум Охридски, Св. Јован Бигорски; Св. Ѓорѓи Победоносец - Рајчица; Св. Богородица Калишка; Св. Пречиста покрај Кичево, Зрзе и Трескавец покрај Прилеп; и други; Во овој контекст мора да се земе предвид и Рилскиот манастир во Бугарија, кој во поширокиот регионални рамки претставува лидер на религиозниот (манастирскиот) туризам.

Сепак, без оглед на силната конкурентност, Берово може да има и свои предности, доколку пристапи кон вистински и интегрален туристички развој. Една од најголемите предности на регионот е недоволно развиениот, речиси непостоечки туризам, во споредба со масовниот, пренатрупан туризам во соседните региони во Бугарија и Скопскиот регион. Имено, современите туристи се свртуваат кон т.н. „одржлив туризам“, „екотуризам“, откривање непознати, „нови“ дестинации. Питомите, речиси недопрени планински места, прекрасните пејзажи. тишината, смиреноста, чистата природа, свежиот воздух, уникатната традиција се она што го бараат и очекуваат туристите од Берово.

Тука треба да се напомене дека можноста за туристичко поврзување на Берово со соседните региони (Североисточен плански регион, Вардарски плански регион и Југоисточен плански регион, па дури и со соседните региони во Бугарија) има огромен потенцијал. Ова особено се однесува на поврзувањето со блиските региони во Република Бугарија каде постојат ресурси слични по својот карактер кои би можеле да се комбинираат во одредени итинерари, рути и тури на меѓународно ниво. Помеѓу нив спаѓаат археолошките локалитети, селската и градската архитектура, манифестациите и, секако, најмногу објектите кои се дел од верскиот туризам. Придобивките би биле зголемена промоција на балканско и на меѓународно ниво, со што самиот регион се позиционира на туристичкиот пазар, кој од друга страна може да помогне во дополнително моделирање на одредени производи.

Конкурентност на Берово во национален контекст

Со површина од 595 км^2 и со близу 14 000 жители, Општина Берово претставува само еден дел од вкупната туристичка понуда на Република Македонија, односно мал фрагмент од рецептивниот простор на нашата земја. Според овој поширок приод, во очите на домашната и меѓународната туристичка клиентела Берово фигурира како парцијална туристичка дестинација, лоцирана во источниот дел на нашата земја.

Во споредба со другите градови, Берово нуди недоволно препознатлив и помалку квалитетен туристички производ, што се одразува врз конкурентноста на овој регион на туристичкиот пазар. Во рамките на Општината, некои помали места заслужуваат внимание, првенствено поради нивната микропросторна основа, која обезбедува комбинирање на респектабилни природни и антропогени вредности со забележителна привлечна моќ и висок степен на компетитивност. Во контекст на неопходноста од регионален приод кон туристичкиот развој, Берово треба да се наметне како засебна просторна целина, особено во перцепцијата на домашните туристи. Оддалечен само 100 - 150 километри од Скопје, 50 - 100 километри од Коридорите, Берово е во непосредна близина до најголемите емитивни зони во Македонија. Исто така, овој регион може да гради имиџ на просторна целина со специфичен туристички производ кај гостите кои доаѓаат од Бугарија. Имено, Берово граничи со соседна Бугарија и нормално е да се очекува зголемен број туристи од оваа соседна земја - членка на Европската унија. Во овој контекст мора уште еднаш да се потенцира општоприфатеното мислење дека отворањето на граничниот премин Клепало само

уште повеќе ќе го доближи овој регион до втората најзначајна емитивна зона и ќе овозможи зголемен прилив на туристи.

Постигнатите остварувања во последните неколку години укажуваат на фактот дека скромната меѓународна конкурентност на Македонија речиси во целост се темели врз атрактивноста на туристичката понуда на само две пазарно јасно детерминирани поединечни дестинации - Охрид и Скопје. Според статистичките податоци, токму во овие две дестинации постои најголема концентрација на квалитетни сместувачки капацитети и секоја година се остварува најголемиот дел од странскиот туристички промет во земјата. Сепак, присуството на туристи од странство во Охрид и Скопје треба да се набљудува како можност за нивно привлекување. Доколку регионот понуди квалитетен производ (кој во суштина нема сличности, односно не е конкурентен со производите на нашите две главни дестинации), тогаш е сосема нормално да се очекува странските туристи, особено оние кои го посетуваат нашиот главен град, дел од времето да го поминуваат на територијата на Берово. Значи неговата туристичка понуда ќе мора полека да ѝ парира на понудата на конкурентните градови во земјата, а особено од понудата на планските региони лоцирани во непосредното окружување. Сепак, во овој момент постои реален проблем со конкурентноста. Тој произлегува од опасноста во процесот на позиционирање на Берово како интегрална туристичка дестинација, да се појави огромна тешкотија прецизно да се диференцираат неговите конкурентни дестинации. Интегралниот дестинациски приод кон развојот на туризмот во Берово нуди бројни содржини, поголем квалитет за ниски цени и повеќе можности за активен и интересен одмор. Во пошироката лепеза на атрактивни компоненти, туристите можат подобро да ги пронајдат сопствените афинитети и да ги задоволат своите потреби.

8. Туристичко зонирање по одделни региони и нивно мапирање

Зонирањето претставува операција која определува најдобри можности за утврдување на гравитациони подрачја во рамките на туристичкиот простор. Подрачјето на Општина Берово во географско-туристички, културно-историски и традициско етнолошки поглед е доста разновидно. Во таа смисла, во регионот можат да се издвојат повеќе туристички субрегиони (области). Самите локалитети за развој на туризмот се диференцирани со користење на добиените резултати од истражувањето. Така се утврдени зоните, половите на развој како вкупен развоен потенцијал на населените места и рурални населби, атракторите, факторите односно потенцијалите, поддршката, можностите за развој како основна и комплементарна категорија. Во следната табела се прикажани утврдените зони и локалитети како полови, атрактори, фактори или потенцијали, поддршката, можностите за развој.

Табела 9. Туристичко зонирање по одделни региони во Општина Берово

Зона	Полови на развој	Атрактори	Потенцијали	Поддршка	Можност за развој
Беровско Езеро	- с. Ратево - лок. Беровско Езеро - лок. Абланица	- Беровско Езеро - Малешевски Планини - Манастир „Св. Архангел Михаил“, Берово	- Брендирани производи (Беровско сирење, компир и слично) - Ратевски бамбурци - Еколошки чиста средина	- Регионален пат (Берово - Струмица) - Солидни локални асфалтни патишта - Потенцијален граничен премин – Клепало (со асфалтен пат) - Околу 20 сместувачки објекти: 2 поголеми комплекси (Аурора и Манастир) и голем број на вили - Сместувачки капацитет: Хотел ВИП - Солидна комунална инфраструктура	- Планински туризам - Велнес туризам - Спортски туризам - Јавање на коњи - Планинарење и трекинг - Планински велосипедизам - Еко туризам - Верски (манастирски) туризам
Русиново - Владимирово	- Село Русиново - Село Владимирово	- Малешевски Планини - Споменик на Даме Груев, с. Русиново	- Стари занаети - Црква „Св. Спас“ - Брендирани производи	- Локални асфалтни патишта	- Гастрономски туризам - Етно туризам - Агро туризам

			(Беровско сирење, компир и слично)	- Еден помал објект кој нуди сместување - Можност за сместување во домаќинства - Комунална инфраструктура	
Суви Лаки – Бела Вода	- лок. Суви Лаки - лок. Бела Вода	- Планина Огражден - Суви Лаки - Бела Вода	- Еколошки чиста средина - Планинско-шумски простор - Чисти планински потоци и квалитетни извори	- Регионален пат (Берово – Струмица) - Поголем број на сместувачки објекти; комплекс Бела Вода и вили кај Суви Лаки - Комунална инфраструктура	- Планински велнес туризам - Еко туризам - Излетнички туризам
Град Берово	- Град Берово	- Музеј на град Берово - Дом на култура - Женски манастир „Св.Архангел Михаил“ - Манастир „Пресвета Богородица“	- Брендирани производи (Беровско сирење, компир) - Занаетчиство - Еколошки чиста средина	- Регионален пат (Берово – Струмица) - Солидни асфалтни локални патишта - Сместувачки капацитет: Хотел Манастир - Солидна комунална инфраструктура - Ресторани и кафулиња	- Етно туризам - Агро туризам - Спортски и рекреативен туризам - Гастрономски туризам - Еко туризам - Верски (манастирски) туризам

9. Визија, стретешки области, стратешки приоритетни цели и мерки за развој на туризмот во Општина Берово

Визија

Општина Берово да прерасне во економски силна, туристички и бизнис ориентирана општина. Општина со развиена урбана и рурална инфраструктура, национални и интернационални бизнис односи како и преминување на Општината во привлечна дестинација за приватни и деловни посетители и активности. Општина Берово да стане најпосакувано место за живеење, со чиста и здрава животна средина.

Општина Берово – македонската воздушна бања, најпосакуваното место за живеење каде преобладува благосостојба, чиста и недопрена природа, здрава локална храна и место каде се слават автентичноста и традицијата.

Визијата за развој на туризмот во Општина Берово е изработена и дефинирана како резултат на учество на засегнатите страни во процесот на стратешко планирање, наодите од анализите на состојбите во оваа дејност, како и од сратешките документи кои се користеа за оваа цел.

Мисија

Општина Берово преку инвестирање во туристичка инфраструктура, подршка за приватните инвеститори и силна промотивна кампања за културните и природните убавини, локалната кујна и авантуристичкиот туризам ќе допринесе за развојот на туризмот во Општина Берово и социо - економскиот развој на општината.

Вредности

Идентификувани вредности во Општина Берово се следните:

- Отвореност и комуникација со граѓаните
- Чист воздух и преубава природа
- Традиционална архитектура
- Вредно културно и природно наследство
- Традиционална кујна, гастрономски специјалитети и производи од локално потекло
- Локации за авантуристички туризам и водени спортови
- Локации за развој на одржлив туризам
- Посветеност кон традицијата и историјата
- Создавање еколошки здрава средина за живот
- Економски просперитет и благосостојба

Приоритетни области

Приоритетните области во Стратегијата се одредени врз основа на моменталните состојби и можности на Општината, мислењата и предлозите на сите инволвирани страни и реалните услови во кои целите би можеле да се остварат. Приоритетните области се дефинирани по следниот редослед:

1. Инфрастуруктура

2. Одржлив туризам

3. Економски развој

4. Заштита на животна средина

5. Образование, култура и спорт

Стратешки цели

Стратешките цели се насочени кон соодветните области и ги дефинираат сегментите на визијата, односно, што треба да се направи со цел да се оствари придонес кон постигнувањето на визијата во соодветната приоритетна област. Стратешките цели имаат сопствени конкретни цели кои се неопходни за реализација на стратегиската цел во чиј состав влегуваат. Врз основа на погоре наведените фактори и извори на информации, а во согласност со дефинираните приоритетни области, дефинирана се 14 стратешки цели во 5 приоритетни области.

- ***Инфраструктура***

Стратешка цел 1. Овозможување подобар пристап и движење на туристите низ Општина Берово

Стратешка цел 2. Обнова на постоечката инфраструктура и создавање услови за нови инфрастуруктурни активности

Стратешка цел 3. Развој на обновливи извори на енергија

Стратешките цели за инфраструктура се дизајнирани врз основа на прашањата кои се појавуваат по однос на индетификуваните проблеми и слабоста во оваа општина. Решавањето на овие проблеми и слабоста во делот на инфраструктурата е дефиниран како прв предуслов односно прва приоритетна област во која треба да се делува, бидејќи инфраструктурата игра главна улога во привлекувањето на туристи

- ***Одржлив туризам***

Стратешка цел 1. Развој на туристичка дестинација

Стратешка цел 2. Управување со туристичка дестинација

Стратешка цел 3. Промоција на туристичка дестинација

Стратешка цел 4. Развој на туристичка дестинација

За реализација на стратешките цели од приоритетната облас одржлив туризам најпрво се планира изработка на студија која ќе ги идентификува потенцијалните брендови кои ги нуди овој регион како и студија за брендирање. Со цел да се обезбеди потребната туристичка инфраструктура планирано е поставување на информативни туристички бироа, јавни тоалети, обновување и дополнување на сигнализацијата и патната инфраструктура, како и изградба на нови хотелски комплекси и реконструкција и модернизација на постоечките сместувачки капацитети. Планирана е изработка на специјална туристичка понуда со посебни пакети на услуги за различни целни групи.

Туристичката понуда претставува составен дел од туристичкиот систем и таа го опфаќа туристичкиот производ како свој најважен сегмент, преку кој се претставува и позиционира на пазарот

- ***Економски развој***

Стратешка цел 1. Формирање на услови за привлекување на инвестиции и вложувања во моменталната бизнис мрежа

За реализација на оваа стратешка цел се планира да се имплементираат различен тип на активности за промоција и јакнење на капацитетите на деловни субјекти. Промоција на руралниот туризам и можностите за поддршка на иновативноста во општината. Треба да се обезбедат квалитетни услуги за поддршка на бизнисот од страна на општинската адмимнистрација со цел постигнунвање на економски растеж и вработување како и развојна програма за формирање на мрежа за поддршка на бизнисот во Берово.

Со цел да се подобри соработката на Општина Берово со регионот се планира интензивирање соработката на регионално, национално и меѓународно ниво.

- ***Заштита на животната средина***

Стратешка цел 1. Подобрување на квалитетот на сите медиуми на животната средина

Стратешка цел 2. Одржлив развој на системи за заштита на животната средина

Стратешка цел 3. Заштита на природното богатство

Реализацијата на овие стратешки цели е поврзана со заштита на животната средина, вклучувајќи активности поврзани со прилагодување и следење на законската регулатива, подобрување на уличната хигиена, изградба на соодветна инфраструктура, различни акции за заштита на животна средина и

подигање на јавната свест, како и јакнење на капацитетите за сите засегнати страни за заштитата на животната средина.

Покрај тоа предвидена е имплементација на активности за мапирање и заштита на природното богатство во општината.

- ***Образование, култура и спорт***

Стратешка цел 1. Организирање и работа на проектно одделение за узработка и спроведување на проекти

Стратешка цел 2. Развој на спортско рекреативен туризам

Стратешка цел 3. Зачувување и промоција на културното наследство

Со реализација на првата стратешка цел, во голема мерка ќе се придонесе кон координирано и одржливо планирање и имплементација на проекти, мерки и активности во сите области со цел подобрување на животниот стандард на граѓаните на Општина Берово.

За привлекување на поголем број на туристи потребно е да се развие спортскиот туризам, со тоа што ќе се изградат специјализирани терени за фудбал, кошарка, тенис, како и затворен базен по олимписки стандарди.

Табела 10. Листа на стратешки цели и мерки за нивно остварување

Приоритетна област	**Стратешка цел**	**Мерки**
Инфраструктура	СЦ 1. Овозможување подобар пристап и движење на туристите низ Општина Берово	1 Обновување и дополнување на туристичка сигнализација
		2 Обезбедување на пристап до туристичките атрактивности
		3 Обезбедување на пристап до туристичките атрактивности за лицата со попреченост
	СЦ 2. Обнова на постоечката инфраструктура и создавање услови за нови инфрастуруктурни активности	1 Обезбедување на програма за развој на патната мрежа и подобрено поврзување со другите соседни Општини
		2 Реконструкација на автобуската станица, набавка на нови автобуси и мини комбиња
		3 Реконструкција на долен магистрален пат
		4 Изработка на правилник за градба за унифицирање на архитектурата во градот и туристичките населби

	СЦ 3. Развој на обновливи извори на енергија	1 Изградба на централен систем за греење на Општината
		2 Изградба на систем за снабдување со гас (Гасификација на Општина Берово)
Одржлив туризам	СЦ 1. Развој на туристичка дестинација	Развој на туристички производ кој ќе ги привлече туристите
		Развој на туристичка понуда која ќе ги привлече туристите
		Развој на екотуризам, зимски туризам, рурален туризам, планински туризам, агро туризам, мајс туризам, гастрономски туризам, здравствен туризам, ловен и риболовен туризам.
	СЦ 2. Управување со туристичка дестинација	1 Поддршка на засегнатите страни во развојот на туристички производи
		2 Продуцирање нови работни места во областа туризам
		3 Едукација на работен, професионален кадар (хотелиерство, туристички бонтон, угостителство, туристички водич, бугарски јазик)
	СЦ 3. Промоција на туристичка дестинација	1 Обучен кадар во областа на туризмот
		2 Формирање на координативна структура за развој на туризмот во Општина Берово
		3 Вклучување на сите засегнати страни во процесот на планирање и управување на туризмот во Општината
		4 Изработка на комуникациски план за комуникација и промоција на Берово во домашни и меѓународни граници
	СЦ 4. Развој на туристичка инфраструктура	1 Подобрување на промоцијата на туризмот преку креирање на атрактивни туристички пакети
		2 Организирање на кампања за подигање на свеста за туризам на локалното население

		3 Изградба на нови и обнова на постоечките туристички и угостителски капацитети
		4 Изградба на пристапен паркинг за возила во градот и кај Беровското езеро
		5 Подобрување на јавни автобуски линии
		6 Ревидирање на план за турситички населби
		7 Планирање и изградба на: јавни тоалети, летниковци, патека околу езерото, планинарски дом, патеки за велосипедизам, патеки за планинарење, чешми од извори, означување на места за пикник
Економски развој	СЦ 1. Формирање на услови за привлекување на инвестиции и вложувања во моменталната бизнис мрежа	1 Развојна програма за формирање на мрежа за поддршка на бизнисот во Берово
		2 Обезбедување на квалитетни услуги за поддршка на бизнисот од страна на општинската адмимнистрација со цел постигнунвање на економски растеж и вработување
		3 Развивање на меѓусебна соработка со општините регионот и прекугранична соработка
Заштита на животна средина	СЦ 1. Подобрување на квалитетот на сите медиуми на животната средина	1 Подобрување на квалитетот на воздухот
		2 Подобрување на квалитетот на водата
		3 Подобрување на квалитетот на почвата
		4 Следење на имплементирани законски регулативи и усогласување со истите
		5 Подигнување на еко свеста
		6 Подобрување на уличната хигиена, набавка на специјализирани возила за миење на улиците - цистерни
		7 Спречување на неконтролираното намалување на нивото на водата на Беровско Езеро

		8 Регулирање на реката Брегалница и создавање на минимални акумулации за туристичка намена
	СЦ 2. Одржлив развој на системи за заштита на животната средина;	1 Вопоставување на систем за управување со отпадот
		2 Воспоставување на противпожарен систем за заштита на шумскиот појас
		3 Поставување на хидратантска мрежа со систем капка по капка на одредени локации
	СЦ 3. Заштита на природното богатство;	1 Изготвување на програма за заштита на ендемични видови на растенија и животни
		2 Мапирање на природното богатство во Берово и регионот
Образование, култура и спорт	СЦ 1. Организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување на проекти	1 Мапирање на локалните приоритети на општината
		2 Изготвување на проекти
		3 Аплицирање на проекти и нивна реализација
		4 Едукација на работен, професионален кадар (хотелиерство, туристички бон тон, угостителство, туристички водич, бугарски јазик)
	СЦ 2. Развој на спортско рекреативен туризам	1 Организирање на спортски турнири, збогатена спортска и културна програма
		2 Изградба на спортски терени прилагодени по светски стандарди: терен за кошарка, фудбал, тенис, ракомет, одбојка
	СЦ 3. Зачувување и промоција на културното наследство	1 Промоција на археолошките локалитети во Општина Берово
		2 Поддршка на традиционалните занаети
		3 Отворање и развој на центар за занаетчии

10. Формирање на туристички производи и понуди

Принципи на формирање на туристички производи и понуди

Во процесот на позиционирање на Берово како интегрална туристичка дестинација најголема слабост се појавува при креирањето на сложен туристички производ. Еден од проблемите кои се јавува е од фактот што тој во себе мора да ги искористи сите изворни и изведени елементи на целокупната туристичка понуда на пределот, кои имаат изразито различна и честопати неспоива природа. Создавање на таков производ со премногу компоненти и преголем број носители на понуда може да предизвика намалување на можноста за нивно оптимално хармонизирање. Тоа пак, резултира со несакано оддалечување на производот од туристите, кои едноставно не се во состојба да ги препознаат атрактивните атрибути на сите составни елементи.

Културното - историското и природното наследство претставуваат основа врз која во голем дел се темели туристичката понуда на некое место, регион, држава или поширок простор. Во тој поглед, Берово изобилува со разни содржини, кои до сега беа недоволно презентирани и слабо посетени. Земајќи ги сите специфични геопросторни, демографски, културни и други аспекти предвид, еден од најадекватните иницијални начини за туристичко активирање на овој регион е преку воспоставување уникатни и препознатливи туристички производи базирани врз веќе познатите и евидентирани културни ресурси.

При креирање, организација, но пред сè при реализација на рутите и турите треба да бидат вклучени неколку препорачани елементи за патувањето на посетителите да се направи што е можно попријатно. Би ги навеле следните препораки на кои треба да се обрне особена важност:

- Временски период, т.е. времетраењето на една тура или рута;
- Оптималната должина на една рута/тура;
- Задржувањето на едно место/локација/споменик;
- Тип на пауза;
- Тип на споменик кој се посетува;
- Атрактивноста на локацијата.

Атрактивноста на локацијата е основа да се создаде еден туристички производ базиран на еден или повеќе слични културно -историски споменици. Во креирањето на оваа категорија мора да се земат неколку важни репери во кои спаѓаат: можната природна вредност na локацијата, уникатноста, естетската вредност, архитектонска, историска или уметничка вредност, едукативна вредност, општествена вредност, реткост/ репрезентативност, евокативност (дали се врзува со легенди, митови, приказни), дали задоволува одредени цели (пр. аџилак) и др.

Препорачливо е кога еднаш ќе се создаде одредена рута и/или тура, таа мора да има однапред строго зацртан итинерар од кој ретко има отстапувања. Во рамките на рутите и турите не се дозволени импровизации. Алтернатива на одредена дестинација може да има, но не е пожелно да се упатуваат луѓето

кон друга локација освен кон онаа којашто стои во итинерарот. Факултативен излет може да постои само ако една рута/тура е составена од повеќе денови, но и во тој случај за секоја дестинација мора однапред да се знаат факултативните излети и да бидат создадени можности за нивна реализација.

Тематски туристички производи и понуди

Тематски туристичките производи и понуди вклучуваат промоција, посета, разгледување и користење содржини, атракции и вредности кои се слични по своите карактеристики и својства, припаѓаат на една или повеќе слични категории. Такви се на пример туристичките производи само од областа на културниот туризам, или само од верскиот туризам или, пак, комбинација на производи и понуди од археолошки и верски туризам, комбинација од трекинг и планинарење и слично.

Во натамошниот текст се претставени туристичките производи и понуди на најзастапените и најперспективни видови туризам во Берово.

Културен туризам

Културниот туризам ќе биде од полза за Берово бидејќи може да ја зајакне локалната економија, да ја унапреди заштитата на културното наследство, да ја зголеми потрошувачката на посетителите, да обезбеди вработувања, да ја зголеми гордоста и свеста на локалното население за наследството што го поседува и сл. Културниот туризам може и да предизвика штета од зголемена посета, прекумерна употреба, несоодветна употреба на заштитеното културно наследство без да се води сметка за вредноста, што може да доведе до трајно оштетување.

Како културните фактори се сметаат создадените вредности во Берово. Во оваа група влегуваат оние ресурси кои не се доволно искористени и во таа смисла имаат потенцијални карактеристики. Тие ги опфаќаат културно - историските споменици, манифестациите и етнографските потенцијали. Културно - историските потенцијали се значајни поради нивната реткост, монументалност, потенцијал за привлекување на туристи и нивните естетски вредности. Манифестациите и етнографските карактерстики, како значаен потенцијал на регионот се значајни поради нивната традиционалност, потенцијалот за привлекување на туристи, просторен опфат и нивната содржина.

Стратегијата е во согласност со четирите цели на културниот туризам:

- културното наследство да биде достапно за јавноста, локалното население и посетителите;
- да се развијат и вршат туристички активности со почитување на културното наследство, локалните култури и начин на живеење;
- да се создаде дијалог и рамнотежа помеѓу конзерваторските интереси и туристичката индустрија за важноста на културното наследство, вклучувајќи ја потребата од постигнување одржлива иднина за нив;

- и да се придонесе за долгорочна и внимателна употреба на културното наследство преку донесување стратегии и заштита и конзервација.

Етно туризам

Етно - туризмот е специјализиран вид на културниот туризам и може да се дефинира како секоја екскурзија која се фокусира на делата на луѓето, а не на природата, и се обидува да им овозможи на туристите разбирање на начинот на живот на локалното население.

Освен со традицијата на одредени средини преку народната духовна и материјална оставштина создавана со векови наназад, етно - туризмот дополнително се поврзува и со уживање во природните убавини и сé она што е во некаква релација со нив. Во Берово има зачувани обичаи и стари занаети и ова дава одлична можност за развој на етно - туризмот во него.

Етно - туризмот претставува категорија во туризмот која е тесно поврзана со руралните средини кои сé уште успеале да зачуваат дел од традицијата. Најдоверлив чувар на традицијата е селото и таа е сочувана низ домашните изработки, ракотворби, занаети, гастрономијата, фолклорот и музиката. Берово се одликува со локални знаменитости и своја карактеристична традиција, која има капацитет да се формулира и претстави во различни форми со цел привлекување на поголем број туристи од земјава и странство. Народното творештво од регионот може активно да се вклучи во промоција на туристичките вредности на регионот.

Настан со голем потенцијал е **Етно фестивалот во Берово**. Во пресрет на големиот христијански празник „Успение на Пресвета Богородица“ - Голема Богородица (28ми Август), Берово секоја година во последниот викенд од месец Август е жариште на културниот бран кој ги обедини сите кои уживаат во мелоритмот на етно музиката вклопени во еден од најголемите фестивали на отворено во Македонија и пошироко - Етно Плоштад Фестивал.

Слика 17. Етно Фестивал - Берово

Етно Плоштад Фестивал секоја година ја покажува својата големина. Подвижен музеј на она најубавото, исконското, непроценливо фолклорно богатство негувано од нашите музички амбасадори кои се предвесници на бурата во која низ миговен отсрел на непресушен вековен процес на преродување се отсликува македонскиот идентитет.

Музиката како универзален јазик на фестивалот се изведува од нашите најдобри етно групи и културно уметнички друштва кои се воедно и најголеми светски македонски амбасадори на македонското и традиционалното. Етно Плоштад Фестивал ги пренесува и етно звуците на балканската музика која дава допринос кон издвојување на сето она кое е карактеристично за самиот Балкан и традицијата која ја негуваат нашите соседи. Балканскиот фјужан го разбиваат шармот на танчерките од Бразил, Америка, Франција, Словенија, кои на публиката во Берово ја пренесуваат магијата на традиционалните танци од целиот свет.

Вистинска магија на настанот дава и интернационалниот саем на традиционални производи „Малешевијата на дланка“ кој се одржува во склоп на фестивалот. Шаренилото од бои и богатството на производи на бројните штандови му дава посебен дух на целиот плоштад. Тука може да најдете ракотворби, сувенири и резби изработени на традиционален начин или стилизирани. Може да вкусите и од медот, млечните производи, сокови, оцет или од тестенините. Се е подготвено по традиционални рецепти, од природни суровини.

Неопходно е создавање етно изложби, етно село и сл. со што ќе се креираат туристички тури привлечни за туристите, а со тоа дополнително ќе се зголеми вредноста на регионот како место со уникатни културни доживувања. Исто така се потребни мерки за обновување и зачувување на старите занаети, како и старите обичаи кои се обележје на Берово.

Рурален туризам

Руралниот туризам е концепт на туризам во селските домаќинства, кој се темели на користење на руралниот простор во контекст на туристички понуди. Надвор е од урбаните населби и нема масовен облик. Руралниот туризам подразбира поттикнување на развојот на нови туристички дестинации. Примарни мотиви заради кои туристите доаѓаат на село се природата и културното наследство, како и гастрономијата, специјални интереси (берење лековити билки, качување, пешачење, етно тури,едукација и сл). Во руралниот туризам руралната култура е клучната компонента на понудениот туристички производ. Под поимот рурален туризам се сретнуваат разни називи: еко – туризам, селски туризам, агро –туризам, еко рурален туризам и сл.

Агротуризмот подразбира престој на село со активно учество во сите земјоделски активности или заради едукација. Еко туризмот претставува престој во ненарушена и зачувана природа. Во Општина Берово има повеќе села во кои е можен развојот на руралниот туризам, но е неопходно создавање селски

одбори за развој, нивна едукација, развој на инфраструктурата, вмрежувањето во кластери и добро осмислена маркетинг промоција на истите.

Селата кои се најзначајни во Берово се: Русиново, Владимирово и Ратево. Овие села треба треба да бидат избрани како пилот проекти за развој на селскиот туризам. Тие се традиционален тип на македонски села со зачувана структура и архитектура и зачувани автентични градби. Согласно територијалната поставеност на населбите, јасна е издвоеноста на села од збиен и разбиен (раштркан) тип. Селските населби во Берово се најчесто од збиен тип, со формирани тесни сокаци прилагодени на конфигурацијата на теренот, со јасно поставени објекти и територијална поделеност на дворните места. Разбиениот (раштркан) тип на села, се составени од повеќе групации територијално издвоени, со голема површина. Секоја селска населба се состои од маала, во кои има од 2 до 20 и повеќе куќи, кои гравитираат кон еден центар – „сред село“, во кој е лоцирана црква, училиште, чешма, а во поново време продавница или кафеана. Покрај куќата стопанскиот двор е организиран со објекти за чување храна и домашни животни, бунар, градина, чешми, корита за вода од дрвени стебла - копани, како и фурна. Егзистираат два типа на куќа, приземна и куќа со приземје и кат со чардакот како најистурен елемент.

Во дефинирањето на туристичките производи и создавањето на туристичката понуда од рурален туризам треба да се земе предвид следново :

- Руралниот туризам е алтернатива на масовниот туризам. Со оглед на фактот дека селскиот туризам генерира туристи со посебни интереси, кои се заинтересирани за културата, традицијата и животната средина, дестинациите кои нудат одмор во руралниот туризам нема да трпат негативни последици што ги чувствуваат туристички дестинации на масовен пазар.
- Одржлив рурален туризам е одржлив пристап кон економски развој. Може да има важна улога во регионалниот економски развој и проширување на бенефициите за неразвиените подрачја.
- Стратегија за заедничко планирање - партнерство меѓу приватниот и јавниот сектор во извршување на целите за развој на руралниот туризам.
- Усогласување на стандардите - со ова се нуди можност за усогласување на стандардите за сместување, понуда на објекти, активности, обезбедување информации, услуги на туристички водич и грижа за корисници.
- Балансот помеѓу силите на напредокот и стагнација - Кон оние кои се вклучени во руралниот туризам може да се примени принципот на „морков и стап". Можат да се понудат стимулации во форма на кредити и субвенции, за оние кои ги развиваат своите производи на повисоко ниво. Оние кои се занимаваат со рурален туризам и не успеваат да ги подигнат нивните стандарди можат да бидат исклучени од туристичката понуда во регионот.
- Улогата на институциите – Институциите ќе имаат корист од можностите за вработување кои ги создава руралниот туризам. Ова ги вклучува жените, децата и лицата со хендикеп.

Верски туризам

Верскиот туризам е поврзан со духовниот живот на туристите. Оттаму, историски гледано, духовниот живот е со најголем интензитет и тоа најдолго го исполнувало човековото слободно време. Од друга страна, духовното секогаш помеѓу другото е во корелација и со религијата. Религијата била и останала составен дел од општествениот живот на традиционалниот свет. Неоспорно е тоа дека сите религии оставиле импозантни траги, храмови, светилишта, цркви и големо културно и уметничко наследство кое денес, токму благодарение на туризмот, во најголем дел станало сопственост на човештвото, што му овозможува на поголемиот дел од различните слоеви на населението да ги посетат ваквите места на древната религија, култура и цивилизација и да го дополнат своето знаење и познавање за историјата на човечкиот род.

Верскиот туризам најмногу се манифестира преку посетата на цркви и манастири, сместување во манастирските конаци и преку посета на т.н свети места. Послабата сезонска концентрација во овој вид туризам се објаснува преку атрактивното дејство на овие ресурси, што е постојано во текот на целата година.

Берово располага со манастири и цркви што претставуваат значајно културно наследство од различни периоди. Поголемиот дел од нив чуваат ремек дела на живопис, иконопис, архитектура и иконостаси и др. Во манастирите се добредојдени туристи кои доаѓаат од верски мотиви или туристи љубители на културното наследство. Но, притоа животот и редот на монасите во ниеден момент не смее да биде засметан. Во моментов во Берово, активен монашки живот има само во машкиот манастир - **Манастирот Св. Пресвета Богородица Балаклија (Источен Петок).** Црквата Пресвета Богородица се наоѓа во близината на Берово, односно на патот Берово – Беровско Езеро, во грлото на брегалничката абланечка клисура. Започнала да се гради во 1972, а била завршена во 1975 година и е изградена во стилот на византиско-македонските цркви од среден век. Во близина на манастирската се наоѓала друга, постара црква (еднокорабна, скромна црква градена од кршен камен, со дрвена таваница и полукружна апсида однадвор, влез на западната страна, 4 прозорци на северната и 3 на јужната страна), која што била разрушена, а иконите од неа били пренесени во новата црква.

Во другите вредни или познати манастири најчесто се одбележуваат верските празници каде се организираат заеднички ручеци со верниците.

Потребна е промоција и обезбедување на дополнителни услуги за посетителите. Кај верските објекти кои имаат регионално значење потребна е засилена промоција за значењето и нивно искористување во создавање на туристички производи во комбинација со природните ресурси, и ресурсите на руралните средини, како и интегрирање во верски рути со соседните региони.

Бањски (термален) и Велнес - спа туризам

Бањскиот туризам можеме да го дефинираме како посета и престој во специјализирани објекти кои даваат можност за лекување и релаксација преку користењето на термалната вода. Бањите можеме да ги дефинираме како места кои се посветени на унапредувањето на квалитетот на животот преку различни професионални услуги кои го потпомагаат обновувањето на телото, духот и умот.

На територијата на Општина Берово не постојат бањи, но во непосредна близина во Источниот регион се наоѓаат поголемите геотермални басени: Подлог, Бања, Истибања и Кежовица. Постоечките бањи и термоминералните извори кај с. Истибања се одличен потенцијал за развој на бањски туризам кој може да биде солидно надополнување на понудата во руралниот туризам. Неопходно е осовременување на објектите, обезбедување на солидни сместувачки капацитети, вклучување на дополнителни содржини, уредување на околниот простор и поголема промоција.

Слика 18. Велнес и Спа Центар во Хотел Аурора

Во однос на спа-велнес туризмот, постоечките и идните хотелско-сместувачки објекти во Берово треба да се трудат да обезбедат современа содржина во кои спаѓа и велнес-спа. Тоа во смисла на изградба на помал или поголем базен, џакузи, сауна, парна бања, сала за масажа, фитнес или, пак, само некои од наведените. Трендовите покажуваат дека каква било велнес - спа содржина со задоволителен квалитет значително го зголемува интересот за посета на објектот во однос на другите без такви содржини (дури и за сметка на разумно повисока цена). Од хотелите во Берово се издвојува Аурора Ресорт кој поседува одличен Велнес и СПА центар. Спа центарот е хармонично дизајнирано место, кое содржи избор од содржини и услуги пружајќи се' за потполна релаксација.

Планински туризам

Планински туризам подразбира широк спектар на туристички активности кои се одвиваат на планина. Планинскиот туризам се карактеризира со две потполно различни туристички сезони – зимска и летна. За разлика од порано кога планините се користеле за престој во природен амбиент и тоа главно во летните месеци, денес кога се говори за планинскиот туризам вообичаено се мисли на зисмко - спортскиот туризам. Независно од тоа дали престојот на туристите на планините е во летните или зимските месеци, основниот мотив се поврзува со рекреативните и културните потреби на туристите.

Со оглед на тоа дека Берово е сместен во падините на Малешевските планини, планинскиот туризам е многу значаен за овој регион. Некои планински делови се ретко населени, далеку од градските центри, меѓутоа со сочувани природни вредности (Огражден, дел од Малешевските Планини). Всушност, од главните видови туризам (езерски, низински, урбан и сл.), во Берово најголема перспектива има токму планинскиот. Тука има можност за развој на различни планински туристички активности, кои подетално се претставени натаму во текстот.

Трекинг

Берово поседува големи можности за развој на трекинг - туризам. Има најразлични природни содржини: планини, клисури, кањонски делови, водопади, густи шумски области, видиковци и сл. Патеките кои се наоѓат во овој предел се главно се планински, тесни шумски патчиња, потоа тесни т.н. козји патеки, а на некои места има и поширокі и јасно поставени земјени или макадамски патчиња. Во Берово може да се одберат една од петте пешачки патеки, од кои дел се погодни и за велосипедски тури, што е исклучително искуство. Вредна да се спомене е трансверзалната патека која ги спојува најјужниот и најсеверниот дел на Малешевијата. Долга е 45 километри, а висинската разлика изнесува 730 метри, поради што важи за вистински предизвик и за најголемите авантуристи.

Најпознатата рута за пешачење, се протега од Беровското Езеро до селото Двориште. Патеката е поволна за сите љубители на пешачењето и природата, а за оние со поголем апетит кон уживањето во спортските активности во природа, зимно време таа може да се искористи и за нордиско трчање со скии, а напролет, лете и наесен е идеална и за возење велосипед. Сите планинарски пешачки патеки се добро обележани.

За подобро да се развие овој туризам, потребно е поставување на сигнализација, инфотабли, презентација и промоција на патеките и условите на нив (вид на терен, денивелација, присуство на извори т.е. вода за пиење, опасност од диви животни) и слично. Добро е да има интернет страница со карта и информации за трекинг-патеките, како и соодветни брошури, карти и водичи. Посебно корисно е ако трекинг-патеките и нивните содржини се достапни во електронски формат за ГПС уреди, за многу полесно следење.

Слика 19. Беровско Езеро

Главен проблем за трекингтуризам е недостигот на соодветни сместувачки објекти во планините, особено во однос на планинарски домови, мали мотелчиња, домови и слично. Со тоа губат не само туристите туку и целиот регион. Од тие причини, треба да се изнајдат начини за изградба, пренамена или адаптација на погодни објекти во планинарски домови. Доколку наместо еднодневни досегашни рути, се воспостави мрежа од објекти за ноќевање кои ќе овозможат дводневни до тродневни тури, трекинг туризмот неколкукратно ќе се зголеми. Како објекти за ноќевање, во почетокот можат да бидат дури и викендички, солидно опремени селски куќи и домаќинства спремни за прифат на туристи. Следниот проблем е недостиг на информативни табли и патокази, кои би требало да бидат барем на македонски и англиски јазик. Исто така, за рутите нема соодветни описи, карти и информации на интернет, а за посовремени содржини (координати, ГПС линии и сл.) воопшто и да не зборуваме. Сето наведено условува мала посетеност и искористеност на трекингот како многу добра форма на туризам.

Планинарење

Планинарењето претставува важна туристичка активност во Берово, со оглед на карактеристиките на теренот. Кај планинарењето, една од главните цели е искачување на некој изразит или висок врв, и тоа обично за што пократко време. При тоа, најдобри можности за планинарење има Малешевски Планини (Џеми Тепе - 1801 м и Ченгино Кале - 1745 м) и др. Голем недостаток за планинарење е непостоење на соодветен планинарски дом во близина на највисоките врвови, ниту, пак, соодветна сигнализација долж патеките или на врвовите. Истото треба да биде приоритет во следниот период до 2025 година. Воедно,

потребна е изработка на карти и брошури за планинарење, со сите неопходни информации, а по можност и современ веб-портал за планинарење во регионот.

Зимски спортско – рекреативен туризам

На планините во Берово, можностите за типичен зимско - спортски туризам и активности на снег се помали, посебно ако се земат предвид веќе јасните ефекти од глобалното затоплување. Тоа од едноставна причина што височините се дури 300 - 500 m пониски, температурите се повисоки, а снегот се задржува 1 - 1,5 месеци пократко и е со послаб квалитет. Во таа смисла, Беровско Езеро нема можности да се развие во голем зимско спортски скијачки центар бидејќи едноставно природните услови не го дозволуваат тоа. Вештачкото одржување на снегот надвор од природната сезона, која овде трае околу 2-3 месеци, е скапо, нерационално и неефективно, а должината на постоечките и нови скијачки, сноуборд и други патеки се мали. Во таа смисла, наместо типичен скијачки туризам, наведените локалности треба да имаат нагласена рекреативна, велнес, па дури и спа функција, како и да претставуваат „all year“ ресорти со содржини за сите годишни времиња.

Џип сафари, оф роуд туризам

Разновидноста и големината на пејзажите во Берово е огромна, и затоа едоа од наизоставените активности треба да е џип сафари туризмот. Турите со џип можат да бидат полудневни, еднодневни, а поретко и дводневни. Препорачливо е дневно најголемо растојание да изнесува до 100 км, максималната брзина на асфалтните патишта да не е поголема од 50-60 км/час, а на макадамските од 20-30 км/час (заради сигурност, но и набљудување на пејсажите). Исто така, на секој пола час возење потребна е пауза на убаво избрано или означено место. Џиповите треба да се соодветно исправни, средени, а преку лето по можност полуотворени. Џип сафари може да се изведува како главна активност претходно договорена преку туристички агенции или, пак, комплементарно и факултативно, како дел од севкупна понуда. Џип сафарито се препорачува да биде преку постојните асфалтни локални патишта со делумен оф-роуд по подобри макадамски патишта. Во вториот случај, треба да се води сметка за еко-компонентата, односно да се избегнува поминување преку недопрени, заштитени и вредни природни предели и повисоки планински подрачја. Пример за полудневно џип-сафари може да биде од локалитетот Беровско Езеро или од Берово, до Пехчевски Водопади преку Паркач, потоа меловите кај с. Црник и Кукуњето кај с. Нов Истевник. Нема потреба од навлегување преку густите шумски подрачја од порано споменатите еко-причини и можните нарушувања на природата (во тој случај може да се размисли за посебна еко-такса или, пак, посебни возила со одредени екостандарди или електро-возила). Џип - сафари туризмот може да донесе значителни финансиски ефекти и да биде одлична основа за промоција на ресурсите. За да профункционира, треба да се преземат добри организациски мерки преку локални туристички организации

кои би дале и промовирале таква атрактивна и флексибилна понуда, самостојно или преку хотели и други туристички субјекти.

Во овој дел може да се смести и мото - сафарито, односно поминување и разгледување на пејсажите со мотор или четирицикл (мотор со 4 тркала), што може да биде преку свое возило или по принцип на изнајмување. За мото - сафарито важат речиси истите принципи како за џип - сафари, односно избегнување вредни и еколошки сочувани планински простори. За остварување на претходното неопходно е мапирање на сите патишта и патеки соодветни за џип и мото сафари, како и нивно означување т.е. сигнализација. Посебно треба да се отвори можноста за изнајмување џип, моторцикл, четирицикл, скутер и сл., преку локални агенции, што се практикува речиси насекаде во развиениот туристички свет.

Планински велосипедизам (моунтабјк)

За овој тип туризам можат да се користат најголем дел од обележаните патеки за трекинг и планинарење, освен недостапните места и премини. Патеките треба да се категоризираат патеките според тежината и условите. За лесни патеки, може да се користат оние по планинските била, а како потешки - до ниво на даунхил (спуст), патеките од билата кон речните долини или долински дна. Најдобри услови за маунтбајк има Малешевските Планини и Огражден. Главен проблем е ист како и со трекингот - непостоење места за ноќевање, сè уште неуредени патеки, немање промоција, информација, неможност за изнајмување маунтбајк велосипеди и др. Во таа смисла треба да се преземат мерки, кои не бараат големи вложувања, а ќе имаат добар ефект.

Геотуризам

Геотуризмот претставува посета, разгледување, фотографирање и уживање во ретки и интересни геоатракции. Тој најчесто е во склоп на активности како: трекинг, маунтбајкинг, џип-сафари и други видови на разгледување на природата. За развојот на геотуризмот, неопходна е изработка на информативни табли кај наведените геоатракции, потоа промоција на геоатракциите преку брошури и веб - портали, како и вклучување на најинтересните геоатракции во туристичките рути. Воедно, одличен чекор во тој правец е создавање и прогласување на гео и геоархеолошки паркови, што е модерен тренд во Европа и во светот. Вакви паркови укажуваат на уникатни геовредности и се многу посетени од туристите.

Ловен туризам

На подрачјето на Општина Берово има одлични можности за развој на ловниот туризам, како и за домашните така и за странските туристи. Сепак, не сите ловишта се средени и спремни за туристичка функција. Бидејќи под ловен туризам, не се подразбира само застрелот на дивеч, туку и сите пропратни дејности кои се дел од него. Добрите концесионери кои ова го имаат добро разбрано и разработено, нудат

и палета на дополнителни услуги, се´ со цел ловниот турист да е задоволен и да посака повторно да се врати во нивното ловиште. Тоа дава плод, па тие не само што имаат постојана клиентела туку и задоволните ловци со своите пофалби и препораки се најдобра реклама за нив. Покрај тоа, постојат и позитивни примери во кои поголем број на разни услужни дејности остваруваат профит врз база на ловниот туризам.

Повеќето од ловиштата во Берово треба да ја развијат туристичката дејност, особено планинските со крупен дивеч, кој е доста баран и многу се плаќа. За да можат да дојдат ловции, ловните друштва испраќаат нотарски заверена покана до регионалниот центар за гранични работи при МВР. Дневен билет за лов која треба да ја платат обично изнесува 50 евра, а кога се лови заштитен дивеч плаќаат дневен билет од 20 евра и 20 - 30 евра за бројка застрелан дивеч. Кога одат на лов се придружувани од ловни водичи на друштвото, кои се грижат за отстреланиот дивеч, да не се лови на истите места за да не се исплаши птицата и др. Странците најчесто доаѓаат со сопствена опрема, теренски возила и ловно оружје. Често се случува со себе да ги носат и своите ловечки кучиња кои ги тренираат при ловот. Од неколкудневниот престој на ловциите и нивното учество во спортски туризам бенефит има целата заедница. Тие ги користат објектите за престој и ги посетуваат угостителските објекти во градот. Најголемиот дел од овие спортски туристи се враќаат и следната година.

Во Берово најпознато е ловиштето „Џами Тепе“ кое се протега со целата своја површина западно од Берово. На север по преслапот Обозна се движи по патот за Берово до Будинарска река, на исток минувајќи низ селата Русиново и Владимирово и по стариот пат за Струмица доаѓа до „Џами Тепе“ и а.т.г. со општина Василево („Палазлија“). На јужната страна од Палазлија врти кон запад и по а.т.г. со општина Василево доаѓа до Готен. Од тука продолжува по билото и се спушта на месноста Караѓузлија, Грамадиче и продолжува по патот, односно по коњски рид до преслапот на Обозна. Вкупната површина на ловиштето изнесува 22 800 ха. Тука постојат два патни правци од повисока категорија, и тоа Берово – Виница, а другиот Берово – Струмица.

Ловиштето располага со многубројни колски и дотурни патишта што го чинат по пристапно речиси во најголем дел од неговите локалитети кои се од интерес за ловството. Во ловиштето се среќава срна 118 примероци и дива свиња 46 примероци. Присутни се следните видови дивеч без заштита: волк, лисица, куна белка, јазовец, твор, јастреб кокошкар и др. Бројноста на овие видови не е стабилна, но нема појава на пренамноженост.

А пак, ловното друштво “Дабевец”постои од 1921 година и работи без прекин до денес, но, во 1999 година има направено пререгистрација на истото. Функционира со помош на донации, како и со членарина од локалните членови. Во изминатата 2018 година ловното друштво имало околу 100 членови.

За да остварат ловиштата добри резултати, неопходно е нивно туристичко оформување, изградба - обезбедување мотел или ловечки дом, ловечки манифестации, натпревари, дополнителни понуди и активности и др.

Риболовен туризам

Со оглед на бројните планински водотеци и богатството од риба, како и постоењето на вештачко езеро, Берово има сосема солидни услови за развој на риболовен туризам. Најдобри можности за тоа има Беровското Езеро и реката Брегалница. Во горните текови на постојаните реки е присутна речната пастрмка, а пониско се јавува скобуст, кленот, кркушката, крап, мрена и др. За развојот на риболовниот туризам на потребното ниво, во следниот период неопходно е уредување на рибните ревири и погодните места за рибарење, вклучување на овој тип туризам во понудата на риболовните друштва, агенциите и другите засегнати институции, поедноставување на постапката за издавање на повеќедневна дозвола за риболов, можности за купување или изнајмување рибарска опрема, поставување риболовни платформи, посебно на езерата, оформување комплетни риболовно-туристички аранжмани, промоција и презентација на овој вид туризам и др. Во таа смисла, сместувачките капацитети и локалните туристички агенции/бироа треба да имаат соработка со риболовните друштва и повеќе информации преку брошури, контакти и сл.

Во Берово најзначајно риболовно друштво е: „Абланица“. Тоа има направено пререгистрација во 1999 гофина и функционира до денес на принцип членарина од членство и средства кои се прибираат на основ на дозволи. Друштвото располага од 80 – 100 члена. Под концесија ги држи Беровско езеро и Брегалница 1 од изворите до Разловци и се земени на 6 годишно користење.

Езерски туризам

Беровското Езеро овозможува рекреација и спортови на вода како кајакарење, тури со чамец околу езерото (во должина од 5 км), педалинки, потоа риболов и други активности. Тука веќе се организира натпревар во кајакарство. Добра можност е да се најде начин за туристичко разгледување на езерото со електричен чамец за група од 4- 12 туристи, излет со чамец до некој локалитет на спротивниот брег, потоа изнајмување гумени или дрвени чамци и др.

Поради поволната местоположба. чистата и недопрена природа покрај езерото се изградени голем број на туристички капацитети. Покрај познатите хотели, тука се наоѓаат и атрактивните излетнички места Албаница и Суви Лаки, кои се познати по прекрасната природа и одлично уредените викендички. Езерото во последно време преку проекти масовно го посетуваат организарани странски туристи.

Летен туризам и активности на вода

Летниот туризам има добри услови за развој во подрачјето на Берово. На Беровско Езеро, поради бидејќи има пониската температура на водата, наместо, можни се активности на вода: кајакарство, сплаварење, педалинки и др. За унапредувањето на летниот туризам за капење во Берово, потребна е изградба/реновирање/доградба на базени.

Зип линии (Zip Line)

Зиплајн е туристичка атракција, која слично на адреналинските паркови, во последните десетина години станува сè побарана и позастапена во светот, во Европа, па и на Балканскиот Полуостров. Се очекува наскоро оваа атрактивност да се рашири и во Република Македонија. Тоа е цврста, челична сајла (понекогаш 2 сајли заради подобра сигурност) која поврзува две блиски места на различна височина, така што овозможува спуштање од повисокото кон пониското место и претставува вистинско адреналинско доживување. Ваква содржина, која не бара особено големи финансиски средства, ќе ја зголеми атрактивноста на некои места и дополнително ќе привлече значителен број туристи. Поставување зип линии се смета дека не влијае неповолно врз животната средина, а ќе овозможи фантастична глетка на пејсажите. За поставување зип-линии важно е истите да не бидат премногу долги (не повеќе од 500-600 м), да има доволен (но не преголем) наклон и сл. Во Берово има многу погодни локации за зип линии, но најрационално е истите да бидат поставени до или близу постоечките, односно потенцијалните атрактивни туристички локалитети, и тоа на помала надморска височина (места со повисоки температури во годината и со слаб ветер). Зип линии можат да бидат и во склоп на адреналински паркови.

Други туристички активности и интегрирани туристички производи и понуди

Освен наведените видови туризам, во разгледуваниот период 2019 - 2029 година треба да се посвети внимание на развој на туризмот поврзан со јавање коњи, потоа прошетка со магарења, летање со балон, скајдајвинг (летење со крило), бејз - џампинг (скок со падобран од вертикална карпа), картинг, 7Д виртуелна прошетка низ регионот, прошетка со туристички вагон и др.

Интегрираните производи и понуди вклучуваат посета, набљудување, разгледување, користење и престој на подрачја, настани и содржини од различни туристички категории: културни, природни, шопинг, амбиентални и др. Предноста на интегрираните производи и понуди е што се разбива монотонијата од само еден тип содржини (само културни, само археолошки, само верски и слично). Берово има одлични услови за создавање интегрирани понуди. Некои примери на интегрални производи се дадени преку туристичките рути во следното поглавје.

Туристички рути

Туристичка рута претставува претходно наменски означена и подготвена патна релација долж која има значајни природни, културни и историски вредности примамливи за набљудување, разгледување и осознавање од страна на туристите. Тоа е современа форма на т.н. нестационарен туризам која сè повеќе се бара од страна на туристите. Берово има солидна основа и можност да го заживее туризмот во овој простор токму преку ваков нестационарен тип на посета, односно преку добро осмислени туристички рути. Самиот пристап за идејно осмислување на туристички рути во подрачјето на Берово ги има во предвид претходните сознанија базирани на:

- Значителните природни, културни и историски вредности на регионот кои се недоволно презентирани, искористени и валоризирани;
- Еколошки сочувана и чиста природна средина;
- Досегашната недоволно искористена можност за развој на атрактивни туристички производи;
- Туристички сектор со потпросечни резултати;
- Релативно погодната сообраќајна положба која уште повеќе ќе се подобри со отворање на граничниот премин Клепало;
- Постоење на солидна мрежа од асфалтни патишта од понизок ранг;
- Опасност од девастација на природното и уништување на културно-историското наследство;
- Туризмот како генератор на економскиот раст во Берово и фактор за економска самоодржливост на одредени локации, производи, рути или занаети.

При проценка на природната и културно-историската содржина во креирањето на туристичките производи и рути треба да се води сметка за севкупната атрактивност, потоа за понудата и интерактивноста на рутата, изразени преку следното:

- Локација

Атрактивноста на една локација како туристички производ и дел од една туристичка рута, а со тоа и на комплетната туристичка рута, треба да се изведе со проценка на следните категории:

- Природна вредност, уникатност
- Естетска вредност
- Архитектонска, историска или уметничка вредност
- Едукативна вредност
- Општествена вредност
- Реткост, репрезентативност
- Евокативност - се врзува со легенди, митови, приказни ...
- Задоволување на одредени цели

При креирање на туристичките производи исто така задолжително се земаат предвид потребите на патникот, посетителот или туристот, неговите очекувања и мотивација да се вклучи во некои од предложените туристички рути. При сето ова мора да се води сметка и за важноста на маркетингот и начинот на кој ќе се претстават туристичките производи во една туристичка рута, со цел нивно подобро позиционирање на туристичкиот пазар. Во склоп на мултидисциплинарниот приод во креирањето на туристичките производи и туристичките рути треба да се следат и одредени европски искуства кои препорачуваат да се обрне внимание на практичниот развој на рутата, евидентирањето на ресурсите, евалуација на содржината и сите други аспекти кои се дел од движењето на туристите и посетителите долж една рута. При креирање, организација, но пред сè при реализација на рутите и турите треба да бидат

вклучени неколку препорачани елементи за патувањето на посетителите да се направи што е можно попријатно. Би ги навеле следните препораки на кои треба да се обрне особена важност:

- Временски период, т.е. времетраењето на една тура или рута
- Оптималната должина на една рута/тура
- Задржувањето на едно место/локација/споменик
- Тип на пауза
- Тип на споменик кој се посетува
- Атрактивноста на локацијата

Атрактивноста на локацијата е основа да се создаде еден туристички производ базиран на еден или повеќе слични културно-историски споменици. Во креирањето на оваа категорија мора да се земат неколку важни репери во кои спаѓаат: можната природна вредност na локацијата, уникатноста, естетската вредност, архитектонска, историска или уметничка вредност, едукативна вредност, општествена вредност, реткост/ репрезентативност, евокативност (дали се врзува со легенди, митови, приказни), дали задоволува одредени цели (пр. аџилак) и др. Препорачливо е кога еднаш ќе се создаде одредена рута и/или тура, таа мора да има однапред строго потцртан итинерар од кој ретко има отстапувања. Во рамките на рутите и турите не се дозволени импровизации. Алтернатива на одредена дестинација може да има, но не е пожелно да се упатуваат луѓето кон друга локација освен кон онаа којашто стои во итинераторт. Факултативен излет може да постои само ако една рута/тура е составена од повеќе денови, но и во тој случај за секоја дестинација мора однапред да се знаат факултативните излети и да бидат создадени можности за нивна реализација. Во продолжение се дадени неколку примери на туристички рути од различен вид.

Примери на туристички рути во Општина Берово

1. „Етно тура – Берово“

Најпрво се посетуваат Пехчевските водопади кои се првиот репрезент на природните убавини кои реката Брегалница ги создава по своето течение. Во Високата борова и букова шума во близината на Пехчево, со векови се криел водопадите на седум извори на Брегалница, најголемата река во источна Македонија. Само два од овие водопади всушност припаѓаат на Брегалница, а останатите се на нејзините притоки Црн Дол, Спиковски Андак и Ж'тачка. Потоа е предвиден ручек во околниот рибен ресторан. По ручекот следи тура низ манастирите во Берово: Манастир Света Богородица и Манастир Свети Архангел Михаил. Следи сместувањето во градот Берово, разгледување и ноќевање. Нареден ден има посета на занаетчиските дуќани, каде што посетителите ќе забелешат дека се нема многу променето во животот на локалното население во последните неколку децении. Занаетчиите се уште ги прават своите производи на традиционален начин, со користење само на нивните вештини и едноставни алатки кои се користат со векови, за производство на убавите и корисни креации кои можат да се користи во секојдневниот живот.

Потоа има посета на Музејот во Берово. Следи екскурзија околу Беровското езеро. Егзотичната и прекрасната природа со дабови и борови дрва, ливади, извори и потоци ќе создадат незаборавно искуство за оние кои претпочитаат мирна прошетка во природа, и за оние кои се трагачи на авантури. Означените трим-патеки за туристите и за велосипедистите формираат мрежа во целата област. Целото искуство е збогатено со превкусен ручек во бачилото во близина на езерото. Во една од најчистите еколошки места во Македонија туристите ќе имаат можност да ги вкусат органската, гурманската храна, подготвена со старите рецепти, додека го слушатат само звукот на ветерот и ѕвоната од овците. Храната и пијалоците, како месо, сирење, овошен сок, ракија и вино се приготвуваат во бачило.

Целта на оваа дводневна тура е спојот и промоција на уникатното, претежно природното, но и културно наследство и тоа низ повеќе делови на Општината. Со тоа се добива солидна претстава за целиот предел.

2. „По трасата на гасоводот“

Оваа рута е наменета за љубителите на планинарењето. Нејзиното одвивање е најпогодно во потпоплите месеци како мај или јуни. Рутата почнува со заминување на група од планинари со мини - бус до Берово. Потоа следи убав ден со прошетка околу Беровското езеро и потоа искачување на прекрасните падини и гребенот од јужната страна на езерото - Долни Шабан. Групата преспива во Берово во прекрасна атмосфера, а во недела наутро доаѓа на теренот на Пехчево – Равна. Околу реката има голема ливада покрај горниот тек реката Брегалница. Просторот е прекрасно уреден за излет на поголем број луѓе, па дури има и лизгалки за малите деца.

Целта на оваа дводневна тура е да се искусат природните вредности на овој предел. Потребно да се направи трасирање, картирање и изработка на промотивни материјали за сите локации.

3. „Малешевска корија – спорт/авантура“

Во склоп на оваа тура се нуди комплетно уживање за љубителите на природата: две планинско велосипедски тури, планинарска тура, прошетка со водич низ култуно – историските знаменитости на Берово и забавен дел со рок бенд. Турата започнува со поставување на камп во дворот на старата гимназија „Ацо Русовски“. Следува организирана прошетка со водич низ Берово, со посета на локалните знаменитости, музејот на градот, женскиот манастир „Св.Архангел Михаил“ и машкиот манастир „Света Богородица“. Предвидени се натпревари во кошарка, фудбал, грилување и музичка програма. Вториот ден се големата тура, помалата тура и планинарската тура. Првата е долга околу 55 км и се совладува висинска разлика од 1429 м , така што оваа тура е препорачлива за добро подготвените велосипедисти. Втората е со должина околу 45 км и се совладува висинска разлика од 1077 м. Оваа тура спаѓа во „средно тешките“ патеки. Нивниот старт и цел се во градот Берово. Се тргнува од базниот камп и преку плоштадот на Берово, преку Брегалница и викенд населбата Абланица, се излегува на асвалтниот пат Пехчево – Равна Река и се

продолжува длабоко во шумата. Големата тура продолжува во правец спрема караулата Ченгино Кале и со месноста „Бачило“ се спојува со малата тура. Повторно соединета патеката за двете тури продолжува према местото викано „Бреза“ по што следува адреналинот, спустот од 7 км, на места и до -27 отсто делевација. Завршницата на турата е во камп зоната каде учесниците ќе бидат послужени со топол оброк. Планинарската тура е во должина од 14 км и совладување висинска разлика од 200 м по планинарски патеки кон Беровско езеро. Искачувањето во насока кон езерото е по сртот на планината со широки отворени видици до Пирин Планина.

4. „Велосипедска тура – Берово“

Во склоп на оваа велосипедска рута ќе се посетат викенд населбата Абланица, месноста Рамна река во атарот на Пехчево, водопадите на реката Брегалница, Мандрата, па по долж на граничната линија ќе има спуштање кај недовршениот граничен премин и мотелот Клепало, каде ќе се направи поголема пауза и ќе се продолжи назад кон Беровското Езеро. Стартот во раните утрибнски часови на паркингот пред браната на Беровското езеро. Во текот на турата ќе се направат неколку паузи за одмор и уживање во природата.



Слика 20. Рута на велосипедската трка

Мапи на пешачки и велосипедски патеки

1. Патека 1

Трансверзална патека која ги поврзува најјужниот и најсеверниот дел на Малешевијата се протега од Преведено (1200 мнв) до врвот Кадиица (1932 мнв), вкупната должина 45 км, на искачување на висинска разлика од 730 м. Време на минување 12 часа. Заради должината и трансверзалниот карактер на патеката препорачливо е користење на локални водачи. Место за одмор во с. Двориште, Бачила во близина на Караула Дивина, мотелот кај симнувањето на Клепалска река, во близина на симнувањето кај Равна река. Преведена (1200 нмв) алтернативно искачување од Палазлија (струмички дел): – искачување до врвот



Огражден (1746 мнв), разлика 550 м, 3-4 часа симнување до с. Двориште (920 нмв), висинаска разлика од 860 м, симнување за 2 часа и 30 минути, – искачување до врвот Бабин Чукар (1406 нмв), разлика 480 м, време на минување 1,5-2 часа. Симнување 200м до Заманичка река и качување до караула Дивна (1366 нмв), благо симнување до Клепалска река и постепено искачување преку м.в Дабевец, Чемериков преслап, Равна река, Побиен камен, Ченгино Кале – најисточната точка на Р.Македонија (1748 нмв) од каде пограничната линија со Р.Бугарија се движи со незначителни осцилации до највисокиот врв Кадиица (1932 нмв).

Слика 21. Рута на Патека бр.1

2. Патека 2

Се протега од Беровско езеро (1000 мнв), преку Бабин Чукар (1403 мнв) и село Ратево (920 мнв) до крајната дестинација Берово (840 мнв). Вкупна должина 21,5 км. Време на минување 6-7 часа. Патеката минува преку повеќе бачила препорачлива е придружба од локални водачи. Места за одмор Беровско езеро, бачила во близина на Бабин Чукар, с. Ратево и Берово. Најголема висинска разлика на качување е 400 мнв со незначителни осцилации и постепено искачување. Започнува од туристичка населба Беровско езеро со првично качување од 100 м до врвот Шабан (1090 мнв) и минува висоравниски живописни шумски предели од бел бор кој постепено преминува во букова шума. Преку Бабин Чукар се враќа назад, преку пространи пасишта и ретка борова шума низ с. Ратево до Берово.



Слика 22. Рута на Патека бр.2

3. Патека 3

Беровско езеро (1000 мнв) преку Пецов Чукар (1490 мнв), Бреза (1443 мнв), Равна река, Паркач до Берово. Вкупна должина на патека 25,6 км. Време на искачување 7 часа. Патеката минува преку повеќе бачила и препорачлива е придружба од локални водачи. Место за одмор Беровско езеро, бачилото на Бреза, Равна река, Берово. Патеката минува преку букова и борова шума.



Слика 23. Рута на Патека бр.3

4. Патека 4

Пешачката патека од Берово (Јуовец) преку туристичката населба Абланица до Беровското езеро реализирана во рамки на пректот "По патеките на дедо". Вкупната должина на патеката изнесува 6 км. Патеката поминува низ рамнински и шумски предели преку реката Брегалница под крошните на многубројните дабови, букови и борови дрвја. По текот на патеката ќе уживате во богатството од лековити тревки и шумски плодови. Патеката е обезбедена со две места за одмор каде може да земете здив на свежиот воздух и е адаптирана за возење велосипеди.



Слика 24. Рута на Патека бр.4

5. Патека 5

Патеката/врвицата на Илинденците – е местото на кое во 1906 година загинал големиот револуционер Дамјан Груев. Патеката е долга 15 км и се минува за 5 часа. Патеката поаѓа од с. Русиново (930 мнв) преку врвот Петлец (1250 мнв) кој е за 100 метри пониско од врвот кој е на 1350 мнв и се враќа назад во с. Русиново.



Слика 25. Рута на Патека бр.5

11. Акционен план за развој на туризмот во Општина Берово во периодот од 2019 – 2029 година

Како дел од Стратегијата за развој на туризмот во Општина Берово се состојат сегашните и идните потреби за успешен развој на туризмот во периодот од 2019 – 2029 година. Во склоп на Стратегијата се дефинирани: визијата, водечките принципи за нејзина имплементација, како и стратешките приоритетни цели и мерки за постигнување на потцртаната визија. Врз основа на сеопфатните анализи на секоја од стратешките области во стратегијата се дефинирани стратешките приоритетни цели (стратегиите) за секоја област поодделно и мерките на нивното постигнување. Со Акциониот план е направена понатамошна разработка на потребните мерки во активности/проекти, нивен опис, моделот на финансирање и временската рамка за нивна имплементација. Бидејќи сеуште нема функционална институционална поставеност за развој на туризмот во Општина Берово, ниту, пак, координирана институционална соработка меѓу засегнатите страни, овој документ заедно со стратегијата ќе бидат рамка за идните оперативни планови на засегнатите страни во функција на планирањето на активностите поврзани со развојот на туризмот.

Главната цел на Акцискиот план за имплементација на стратегијата за развој на туризмот во Општина Берово во период од 2019 - 2029 е да развие клучни активности што треба да се спроведат за да се обезбеди успешна имплементација на Стратегијата. Заедно, Стратегијата и Акцискиот план ќе бидат основните алатки што ќе ги водат засегнатите страни за развој на туризмот во постигнувањето на својата визија за развојот на туризмот во регионот. Акцискиот план ги дефинира активностите за развој на туризмот кои треба да се преземат во периодот 2019 – 2029 година. Дефинираните активности ќе бидат почнати и завршени во различни временски периоди, иако нивната целосна реализација треба да биде завршена во периодот предвиден за целосно спроведување на Стратегијата. Поради фактот што овој акциски план е проектиран врз основа на претпоставени капацитети и достапни финансиски средства, постои реална можност дел од дефинираните активности, иако наведени, да не бидат реализирани во периодот на важност на овој документ. Доколку постојат основа и услови за нивна реализација, тие ќе бидат префрлени во следниот акциски план 2020 – 2021.

Со оглед на фактот дека во Берово не постои посебен организациски облик за развој на туризмот, спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво ќе се одвива преку годишната програма на ЦР на ИПР и преку годишните програми изработени за различни области на надлежности на Општината или, пак, со изработка на посебна меѓусекторска програма за развој и управување на дестинацијата. Во овие програми, активностите предложени во Акцискиот план дополнително ќе бидат разработени во проекти кои јасно ќе ги дефинираат проектните цели и очекувани резултати, индикаторите, потребните трошоци, како и одговорните субјекти за нивната реализација. Акцискиот план е составен дел на Стратегијата за развој на туризмот во Општина Берово во периодот 2019 – 2029 година.

Акционен план за иплементација на Стратегијата за развој на туризмот во Општина Берово во периодот од 2019 – 2029 година

Приоритетна област **ИНФРАСТРУКТУРА**					
Стратешка приоритетна цел *Овозможување подобар пристап и движење на туристите низ Општина Берово*					
Мерка	1. Обновување и дополнување на туристичка сигнализација 2. Обезбедување на пристап до туристичките атрактивности 3. Обезбедување на пристап до туристичките атрактивности за лицата со попреченост				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Оценка за потребите од туристичка сигнализација	Изработка на студија и изготвување датабаза за потребна опрема и сигналитика за туристичките атрактивности	Јавно	10.000	1-3	ИПР, Општина Берово
Модернизација на урбаното планирање и развој на човечките ресурси	- Набавка и обука на соодветен софтвер за урбанистичко планирање и евиденција – ГИС програма - Дигитализирање на постојните урбанистички планови	Јавно	50.000	1-5	Општина Берово
Отстранување на архитектонски бариери за лица со попреченост	- Олеснување на пристапот на лица со посебни потреби до институциите во Општина Берово - Адаптација на тротоарите за движење на лица со посебни потреби	Јавно	1.000.000	1-10	Министерство за труд и социјална политика, Општина Берово
Реконструкција или пренамена на објекти	Пренамена на веќе постоечки и неискористени објекти за прифаќање на лица излоежени на социјален ризик	Јавно	1.000.000	1-10	ЦР ИПР, Општина Берово

Приоритетна област **ИНФРАСТРУКТУРА**					
Стратешка приоритетна цел *Обнова на постоечката инфраструктура и создавање услови за нови инфрастуруктурни активности*					
Мерка	1. Обезбедување на програма за развој на патната мрежа и подобрено поврзување со другите соседни општини 2. Реконструкација на автобуската станица, набавка на нови автобуси и мини комбиња 3. Реконструкција на долен магистрален пат 4. Изработка на правилник за градба за унифицирање на архитектурата во градот и туристичките населби				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Реконструкција/подобрување на системот за комунални отпадни води во урбаните и руралните области	- Изградба на општинска пречистителна станици - Проширување и санација на постојната канализација	Јавно	5.000.000	1-5	ЦР ИПР, Општина Берово, ЈП Водовод и канализација
Изработка на правилник за градба за унифицирање на архитектурата во градот и туристичките населби	Изработка на правилник за градба - Афтентичен изглед на градот Берово - Користење на природни материјали (на пр. дрво, камен)	Јавно	100.000	1-5	Општина Берово
Изградба на локална патна мрежа	Изградба на локални правци до туристичките локалитети и центри во Општина Берово	Јавно		1-10	ЦР ИПР, Општина Берово
Реконструкција на регионална патна мрежа	Реконструкција на регионалните правци Делчево-Берово-Струмица	Јавно		1-10	ЈПДП
Изградба на нова и подобрување на веќе постоечката водоводна мрежа	Изградба на водоводна мрежа на места каде што нема и подобрување на веќепостоечката	Јавно		1-10	

Приоритетна област **ИНФРАСТРУКТУРА**					
Стратешка приоритетна цел *Развој на обновливи избори на енергија*					
Мерка	1. Изградба на централен систем за греење на општината 2. Изградба на систем за снабдување со гас (Гасификација на Општина Берово)				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Гасификација на Општина Берово	- Изработка на план за гасификација - Поставување на секундарна гасоводна мрежа Со приклучување на гасоводна мрежа ќе се намалат трошоците и самиот воздух ќе стане почист	Јавно		1-10	Министерство за транспорт и врски, Јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање, Општина Берово
Воведување нови технологии за енергетска ефикасност	- Зголемување на енергетската ефикасност на дрвото како суровина за загревање, искористување на отпадот од биомаса - Модифицирање на системот за ззагревање кој ќе користи нов тип на енергенс - пелети	Јавно -приватно партнерство	40.000	1-10	ЦР ИПР, Општина Берово, Министерство за економија

Приоритетна област **ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ**					
Стратешка приоритетна цел *Развој на туристичка дестинација*					
Мерка	1. Развој на туристички производ кој ќе ги привлече туристите 2. Развој на туристичка понуда која ќе ги привлече туристите 3. Развој на екотуризам, зимски туризам, рурален туризам, планински туризам, агро туризам, мајс туризам, гастрономски туризам, здравствен туризам, ловен и риболовен туризам.				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Изработка на студија за идентификување на потенцијалните брендови	Изработка на студија која ќе ги идентификува потенцијалните брендови кои ги нуди овој регион, со цел нивно ширење на домашен и странски пазар	Јавно/ приватно/ здруженија на граѓани	10.000	1-3	АППТ, ЦР ИПР, Општина Берово
Брендирање на регионални производи	Изработка на студија за брендирање и програма за брендирање на регионални производи како што се храна, манифестации, настани	Јавно/ приватно/ здруженија на граѓани	10.000	1-3	АППТ, ЦР ИПР, Општина Берово
Отворање на продавница	Отварање на продавница каде што ќе се нудат производи кои се од природно и домашно потекло	Приватно	/	1-5	Бизнис сектор, угостителски објекти, население
Викендички како сместувачки објекти	Адаптација на постоечките, погодни и посовремени туристички викендички во сместувачки капацитети, со што корист ќе имаат сопствениците, туристите и пошироката заедница.	Јавно	200.000	1-10	ЦР ИПР, Општина Берово
Запознај го Берово	Изработка на седум модерни мапи каде што ќе бидат прикажани најуникатните и најразличните места за посета во оваа Општина. Кратка и концизна содржина, за полесна ориентација и разбирање од страна на посетителите. За изработка на мапите ќе се користат природни материјали, и добра заштита од надворешни влијанија	Јавно	56.000	1-3	ЦР ИПР, Општина Берово, Кластер за туризам

	Место на поставување: центарот на градот Берово, влез и излез на градот Берово, Клепало, Абланица, Беровско Езеро, Суви Лаки				
Со велосипед низ Малешевијата	Развој и промоција на планинарски велосипедизам. Обезбедување на 30 велосипеди и едуцирање за издавање на истите на туристите.	Јавно -приватно партнерство	20.000	1-3	МЖСПП, АППТ, ЦР ИПР, Општина Берово
Со џип низ дивината	Развој на џип сафари туризам, со едукација, избор на рути и изведување пробни тури	Јавно -приватно партнерство		1-5	Општина Берово, бизнис сектор
Формирање на кајакарски дом и школа за кајакарење	Формирање на нов кајакарски дом на Беровското Езеро Набавка на 30 комплети (сетови) на кајакарска опрема - Весла - Пловни објекти/кајаци - Елеци	Јавно	200.000	1-5	ЦР ИПР, Општина Берово

Приоритетна област **ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ**					
Стратешка приоритетна цел *Управување со туристичка дестинација*					
Мерка	1. Поддршка на засегнатите страни во развојот на туристички производи 2. Продуцирање нови работни места во областа туризам 3. Едукација на работен, професионален кадар (хотелиерство, туристички бонтон, угостителство, туристички водич, бугарски јазик)				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Субвенционирање во развојот на туристичките производи	Да се истражат можностите и да се развијат и воспостават евентуални програми за субвенционирање на развојот на туристичките производи.	Јавно	100.000	1-5	АППТ, ЦР ИПР, Општина Берово
Едукација на работен, професионален кадар	Едукација на работен, професионален кадар (хотелиерство, туристички бонтон, угостителство, туристички водич, бугарски јазик)	приватно	50.000	1-5	Бизис сектор, угостителски објекти
Формирање на систем за контрола на туристички капацитети	Формирање на систем кои ќе ги контролира туристичките капацитети и редовното плаќање на туристичката такса	Јавно/приватно		1-5	

Приоритетна област **ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ**					
Стратешка приоритетна цел *Промоција на туристичка дестинација*					
Мерка	1. Обучен кадар во областа на туризмот 2. Формирање на координативна структура за развој на туризмот во Општина Берово 3. Вклучување на сите засегнати страни во процесот на планирање и управување на туризмот во општината 4. Изработка на комуникациски план за комуникација и промоција на Берово во домашни и меѓународни граници				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Краткометражен филм	Изработка на краткометражен филм/реклама за Општина Берово (целата историја за постанокот и развивањето на општината, заедно со сите природни богатства, културни знаменитости, верски обичаи на едно место)	Јавно	15.000	1-3	Министерство за култура, ЦР ИПР, Општина Берово, Кластер за туризам
Гастрономија во Општина Берово	Изработка на краткометражен филм/реклама за традиционалната беровска храна (на пр. Беровскиот компир, сирење, итн)	Јавно	15.000	1-3	Министерство за култура, ЦР ИПР, Општина Берово, Кластер за туризам
360 View	Креирање на 3Д мапи, 360 степени преглед на најпознатите локации во Општина Берово, модерен преглед на нјубавите локации во овој регион (дигитална промоција на културните добра и природните вредности)	Јавно	25.000	1-3	ЦР ИПР, Општина Берово
Учество на меѓународни саеми	Учество на меѓународни саеми за промовирање на туризамот кој го нуди Општина Берово (3-5 пати годишно)	Јавно	30.000 -50.000 годишно	континуирано	АППТ, Влада на РМ, Општина Берово

Отворање на шопинг центар	Отворање на мал шопинг центар со цел привлекување на голем број на туристи од соседните држави Шопинг центарот би содржел: Кафе Бар Ресторан во модерен стил Игротека за деца Продавници каде ќе се продаваат различни брендови на облека	Приватно		1-10	
Отворање на ЛОКАВОРЕ Ресторани	Отворање на првите ЛОКАВОРЕ ресторани на територијата на РМ и нивна промоција (Локаворе Рестораните претставуваат места каде што се служи домашна, природна храна која што е одгледувана/произведувана на истото подрачје каде што се наоѓа и самиот ресторан)	Приватно		1-10	Бизнис сектор, угостителски објекти, хотели

Приоритетна област **ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ**					
Стратешка приоритетна цел *Развој на туристичка инфраструктура*					
Мерка	1. Подобрување на промоцијата на туризмот преку креирање на атрактивни туристички пакети 2. Организирање на кампања за подигање на свеста за туризам на локалното население 3. Изградба на нови и обнова на постоечките туристички и угостителски капацитети 4. Изградба на пристапен паркинг за возила во градот и кај Беровското езеро 5. Подобрување на јавни автобуски линии 6. Ревидирање на план за турситички населби 7. Планирање и изградба на: јавни тоалети, летниковци, патека околу езерото, планинарски дом, патеки за велосипедизам, патеки за планинарење, чешми од извори, означување на места за пикник				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Поставување на информативен центар	Поставување на информативен туристички центар, во рамките на проектот е предвидено поставување на монтажни објекти кои би се користеле како информативно биро, билетарница, место каде што се продаваат сувенири и како канцеларии за туристичките водичи	Јавно/приватно	50.000	1-3	Министерство за култура, ЦР ИПР, Општина Берово
Атлас со туристички вредности во Општина Берово (дигитална и печатена верзија)	Изработка на атлас (дата база), каде што ќе ги има сите значајни туристички локалитети, споменици, верски објекти, паркови на едно место. За секој објект/локалитет ќе има убаво објаснување надополнето со фотографии. Описот ќе биде на македонски, албански, бугарски и англиски јазик.	Јавно-приватно партнерство	50.000	1-3	АППТ, ЦР ИПР, Општина Берово
Изградба на јавни тоалети	Изградба на три јавни тоалети околу Беровското езеро	Јавно	30.000	1-3	Општина Берово

Изградба на летниковци	Означување на места за одмор/пикник и изградба на летниковци (дрвени маси и клупи), со цел контролирано собирање на населението	Јавно	30.000	1-3	Општина Берово
Уредување и изградба на патеки	Уредување и изградба на тренинг, планинарски и велосипедски патеки	Јавно	30.000	1-3	ЦР ИПР, Општина Берово
Маркирање на патеки	Означување на воспоставените тренинг, планински и велосипедски патеки во различни бои, патокази, природни ознаки, со цел полесно следење на овие патеки.	Јавно-приватно партнерство	30.000	1-3	МЖСПП, ЦР ИПР, Општина Берово
Патоказ до атрактивностите на Општина Берово	- Поставување на туристичка сигнализација до сите постојни туристички атракции - Означување на културно-историските споменици/објекти со соодветни таби и патокази, на македонски, албански, бугарски и англиски јазик	Јавно	30.000	1-3	Општина Берово
Отворени патишта	- Отворање на привремени автобуски линии за време на настани, празници - Клепало – град Берово, Охрид – Берово – Охрид, - Локална јавна линија (јануари, јуни, јули, август и септември – секој ден, а останатиот дел од годината само на викенд) - Објавен возен ред за сите автобуски линии на македонски и англиски јазик - информирање на населението за привремени локални тури	Јавно		1-5	ЦР ИПР, Општина Берово

Истражи го Берово	Организирање на летни школи за ученици за проучување на културното наследство, историјата, археологијата како и туризмот во овој регион. Организирање на екскурзии за деца од основно и средно училиште кои би се нуделе за време на распуст, викенди и празници. Да се креираат верски понуди и пакети за пензионери и индивидуални лица, посета и запознавање на верските објекти во подножјето на Малешевските Планини	Јавно/приватно		континуирано	АППТ, Министерство за образование и наука, ЦР ИПР, Општина Берово, Светска банка
Паркирај се и фотографирај се	Изградба/реконтрукција/уредување на паркинг - проширувања на патот од Виница спрема Берово низ клисурата на Осојница. Поставување на видиковец, санитарен објект и клупи.	Јавно		1-5	ЦР ИПР, Општина Берово
Изработка на ДУП за сместувачки и угостителски капацитети и други комерцијални објекти со намена туризам	Општина Берово според својот ГУП треба да обезбеди ДУП за изградба на хотели и угостителски капацитети, независно од големината и капацитетот на самите објекти.	Јавно	30.000	1-5	Општина Берово
Реконструкција на селски куќи во сместувачки капацитети	Субвенции за реконструкција на постоечки селски куќи во кои не се живее, во сместувачки капацитети.	Јавно	300.000	1-15	Влада на РМ, АППТ, Општина Берово

Приоритетна област **ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**					
Стратешка приоритетна цел *Формирање на услови за привлекување на инвестиции и вложувања во моменталната бизнис мрежа*					
Мерка	1. Развојна програма за формирање на мрежа за поддршка на бизнисот во Берово 2. Обезбедување на квалитетни услуги за поддршка на бизнисот од страна на општинската адмимнистрација со цел постигнунвање на економски растеж и вработување 3. Развивање на меѓусебна соработка со Општините, регионот и прекугранична соработка				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Промоција на локални производи	- Промоција на локални производи и нивна поголема достапност до потрошувачите - Изработка и поставување на дрвени објекти наменети за продажба на локални производи	Јавно	500.000	1-5	ЦР ИПР, Општина Берово,
Промоција и одржливо искористување на природните ресурси во прекуграничниот појас Малешевијата	Создавање на услови за одржлив регионален развој, преку промоција на природните ресурси од регионот на Малешевијата, во прилог на развој на туризмот и креирање на нови работни места	Јавно-	150.000	1-10	ЦР ИПР, Општина Берово
Градење на капацитети и партнерства за прекуранична соработка	Создавање на стратешки партнерства со општините од граничниот појас Бугарија - Реализаиција на проекти за поттикнување на регионалниот прекуграничен развој - Размена на информации и искуства меѓу партнерите од двете страни и подготовка на заеднички настан	Јавно-		1-10	ЦР ИПР, Општина Берово, Бугарија
Изградба на планинарски дом на Малешевски Планини	Изградба на нов, модерен планинарски дом, со цел развивање на планинарски туризам.	Приватно		1-10	Бизнис сектор

Мрежа за поддршка на бизнисот во Берово	- Зајакннување и соработка меѓу постојните претприемачи - Иницирање на нови претприемачи - Создавање на одржлив бизнис и јавно-приватно партерство - Анализа на бизнис можностите и насоки за искористување на локалните потенцијали	Јавно-приватно партнерство		1-10	Јавни претпријатија, АВРМ, Општина Берово, бизнис сектор, здруженија на граѓани
Физибилити студија за потенцијалите и насоките за развој на земјоделството и сточарството	Детално истражување на состојбите во сектор земјоделство и сточарство и анализа на искористеноста на ресурсите (обработлива површина, овошни насади, сточен фонд, преработувачки капацитети) и изработка на физибилите студија	Јавно	100.000	1-10	Општина Берово
Препознатливо овошје за овој регион	- Калибрирање и пакување на свежо овошје (сина слива, малина, капина) - Сушење и пакување на сина слива, малина и капина Иновативно пакување, создавање на добар бренд, продажба во странство	Приватно	400.000	1-10	Бизнис сектор, трговци, производители

Приоритетна област **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**					
Стратешка приоритетна цел *Подобрување на квалитетот на сите медиуми на животната средина*					
Мерка	1. Подобрување на квалитетот на воздухот 2. Подобрување на квалитетот на водата 3. Подобрување на квалитетот на почвата 4. Следење на имплементирани законски регулативи и усогласување со истите 5. Подигнување на еко свеста 6. Подобрување на уличната хигиена, набавка на специјализирани возила за миење на улиците – цистерни 7. Спречување на неконтролираното намалување на нивото на водата на Беровско Езеро 8. Регулирање на реката Брегалница и создавање на минимални акомулации за туристичка намена				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Мониторинг на потенцијални загадувачи	Мониторинг на потенцијални загадувачи со цел подобрување на кавлитетот на воздухот во Општина Берово	Јавно		континуирано	Центар за јавно здравје, Општина Берово
Подигање на еко свеста кај населението	Анимирање, обуки и практики за подигање на еко свеста кај населението.	Јавно	10.000	1-3	ЦР ИПР,Општина Берово
Контрола на искористувањето на водата и санкционирање на ХЕЦ	Воведување на забрана за изградба на мали ХЕЦ во овој регион	Јавно		1-5	Влада на РМ, ЦР ИПР, Општина Берово

Разубавување на градот и околните села	Чиста и убаво уредена околина претставува одлика на една средена и организирана општина Организирање на работилници и работни средби за подигнување на јавната свест за важноста на убава и зачувана околина. - Организирање на натпревар за најубаво село - Организирање на натпревар за најубаво уреден двор	Јавно/приватно	20.000	1-5	МЖСПП, Општина Берово, ЦР ИПР, здруженија на граѓани, население, бизнис сектор
Хортикултурно уредување на регионалните туристички локалитети	Изработка на елаборат за хортикултурно уредување и реализација на програми за хортикултурно уредување на регионалните туристички локалитети	Јавно	30.000	1-5	ЈП Паркови и зеленило, ЦР ИПР, Општина Берово,
Пошумување на Општина Берово	Редовно организирање на акции за пошумување на овој регион	Јавно		континуирано	МЖСПП, ЈП Паркови и Зеленило, ЈП Македонски Шуми, МЗШВ, Општина Берово, ЦР ИПР,

Приоритетна област **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**					
Стратешка приоритетна цел *Одржлив развој на системи за заштита на животната средина*					
Мерка	1. Воспоставување на систем за управување со отпад 2. Воспоставување на противпожарен систем за заштита на шумскиот појац 3. Поставување на хидратантска мрежа со систем капка по капка на одредени локации				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Ревизија и проценка на постојниот систем за управување со цврст отпад и негово управување	Реформирање на системот за управување со комунален цврст отпад и организациска поставеност на системот за управување со опасниот и со посебниот отпад; - Селектирање на отпад, поставување на канти за различни видови на отпад - Рециклирање, изработка на производи од рециклирана хартија, пластика, стакло		25.000	3-5	ЦР ИПР, Општина Берово
Обука за противпожарна служба и зголемена ангажираност на шумската полиција	- Организирање на обука за противпожарна служба, за спасување на шумскиот појас - Редовна контрола на шумскиот појас од страна на шумската полиција	Јавно		Континуирано	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Општина Берово

Приоритетна област **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**					
Стратешка приоритетна цел *Заштита на природното богатство*					
Мерка	1. Изготвување на програма за заштита на ендемични видови на растенија и животни 2. Мапирање на природното богатство во Берово и регионот				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Програма за заштита на ендемични видови на растенија и животни	Изработка на програма за заштита на ендемични видови на растенија и животни во оваа област, со цел нивна заштита и намалување од ризикот на изумирање и уништување.	Јавно-приватно партнерство	200.000		ЦР ИПР, Општина Берово

Приоритетна област **ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И СПОРТ**					
Стратешка приоритетна цел *Организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување на проекти*					
Мерка	1. Мапирање на локалните приоритети на општината 2. Изготвување на проекти 3. Аплицирање на проекти и нивна реализација				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Обуки за пишување на проекти	Организирање на обуки за пишување на проекти од различни области, најголем акцент да се стави на областа туризам и заштита на животната средина. Овие обуки би било од голема корист и придобивка за самото население.	Јавно/Приватно	50.000	1-3	Министерство за образование и наука, Општина Берово
Обука за вработени во образовните институции и во детската градинка	Обучување на тим од избрани претставници на образовните институции и од детската градинка, кои потоа ќе дадат свој придонес во развојот на матичната организација. - Анализа на состојбата - Изготвување на проекти - Раководење со проекти - Лобирање и застапување	Јавно	20.000	1-3	Министерство за образование и наука, образовни исституции, градинки, Општина Берово

Приоритетна област **ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И СПОРТ**					
Стратешка приоритетна цел *Развој на спортско рекреативен туризам*					
Мерка	1. Организирање на спортски турнири, збогатена спортска и културна програма 2. Изградба на спортски терени прилагодени по светски стандарди: терен за кошарка, фудбал, тенис, ракомет, одбојка				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Изработка на календар на настани	Изработка на календар во печатена и дигитална форма со значајни настани кои се одржуваат во овој регион и негово редовно ажурирање и промоцирање во јавност. Во овој календар би влегле оние настани кои имаат најголем потенцијал за посета	Јавно	5.000	1-3	ЦР ИПР, Дом на култура, Министерство за култура, Општина Берово
Промоција на регионот преку културата и традицијата	- Зачувување и публикување на материјалите кои имаат историско значење - Лоцирање и маркирање на историски објекти	Јавно-приватно партнерство	30.000	1-5	ЦР ИПР, Дом на култура, Министерство за култура, Општина Берово
Изградба на затворен базен	Изградба на затворен базен по олимписки стандарди, со цел зголемување на посетеноста на Општина Берово од страна на спортисти од соседните држави.	Јавно	600.000	1-10	Влада на РМ, Агенција за млади и спорт, Општина Берово
Изградба на терен за кошарка, терен за фудбал и терен за тенис	Изградба на: - Терен за кошарка - терен за фудбал - терен за тенис - терен за обојка и ракомет Со изградба на терени со светски стандарди ќе се зголеми бројот на туристите кои ќе доаѓаат во Општина Берово. Терените ќе бидат наменети за професионалци кои би доаѓале на припреми и за аматери.	Јавно		1-10	Влада на РМ, Агенција за млади и спорт, Општина Берово

	Овие терени ќе служат и за организирање на локални и регинални натпревари				
Истражување и означување на археолошките локалитети во Општина Берово	Мапирање на археолошките локалитети, детелан опис, нивно означување и управување со нив.	Јавно	200.000	1-10	Министерство за култура, ЦР ИПР, Општина Берово, Музеј Берово

Приоритетна област **ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И СПОРТ**					
Стратешка приоритетна цел *Зачувување и промоција на културното наследство*					
Мерка	1. Промоција на археолошките локалитети во Општина Берово 2. Поддршка на традиционалните занаети 3. Отворање и развој на центар за занаетчии				
Активности / Проекти	**Краток опис на активност/проектот**	**Модел на финансирање**	**Инвестиција (ЕУР)**	**Период на имплементација (години)**	**Одговорен**
Стари занаети нови можности	Изработка на студија и одржување на серија работилници, како до туристички производи преку искористување на духовното наследство	Јавно/приватно	30.000	1-5	ЦР ИПР, Општина Берово, Занаетчиска комора, население
Изучување на тајните на традиционалните занаети	Одржување на работилници во два дела: - I дел теоретска настава за традиционалните знанаети - II дел практична работа Овие работилници ќе бидат наменети за туристите како и за населението.	приватно	70.000	1-5	Занаетчиска комора, здруженија на граѓани, население
Отворање на занетчиски центар/работилница	Отворање на занетчиски работилници, каде што во текот на годината занетчиите со различни профили ќе имаат свое катче каде што ќе ги изработуваат своите производи и ќе им овозможат на посетителите да видат како тие се прават и да се запознаат со целиот процес на производство.	Јавно	150.000	1-10	ЦР ИПР, Општина Берово, Занаетчиска комора, население

Користена литература

- Стратегија за одржлив развој 2006 – 2011 г., Општина Берово
- Стратегија за Локален Економски Развој на Општина Берово, за периодот од 2014 – 2019 г.
- Стратегија за развој на туризмот во Источен Плански Регион со Акцкионен План (2016-2025)
- Под стратегија за рурален развој на Општина Берово 2008 – 2013
- Стратегија за развој на Еко Туризмот во Берово, 2005 г.
- Стратегија за развој на рурална средина на локалната акциона група „Малеш - Пијанец"
- Национална Стратегија за Одржлив Развој
- Регистар за развој на потенцијалите на рурален туризам во Источен Плански Регион
- Проект за локална и регионална конкурентност (Дестинација бр.5 Малешевија и околината)
- Регионална стратегија за иновации во Источен Плански Регион
- Физибилити студија "Бизнис план за туристички комплекс – Боров Еликсир"
- Извештај за стратгегиска оцена на животната средина за просторен план на Источен Плански Регион за плански период 2013 – 2030, 2016 г.
- Можности за развој на алтернативните видови туризам во Брегалничкиот регион на Република Македонија, магистерски труд, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 2016 г.